СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 18 април 1979
Скопје
Број 12 Год. XXXV

Претплатата за 1979 година изнесува 500 динари. Овој број чини 16 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

170.

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 42/77) и Резолуцијата за политиката за остварувањето на Општествениот план на СР Македонија, за периодот 1976 до 1980 година во 1979 година („Службен весник на СРМ“, бр. 44/78), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

ОДЛУКА
ЗА НАМЕНИТЕ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СЛОБОДНИТЕ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ОПШТИНИТЕ ВО 1979 ГОДИНА ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат поблиските намени, начинот и условите за користење на слободните парични средства на Републиката и на општините во 1979 година што се водат како депозит во Народната банка на Македонија.

Член 2

Паричните средства на Републиката и на општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија, по одбивањето на 10% од вкупните средства, што ќе служат како резерва за ликвидност на Народната банка на Македонија, Народната банка на Македонија ќе и ги одобри на Стопанската банка — Здружена банка — Скопје, за кредитирање на следните намени:

1. за продажба на опрема, метални конструкции и монтажерски работи на домашен и надворешен пазар до 80 мил. дин.
2. за залихи на афион, памук и пивски јачмен од домашно производство до 60 мил. дин.
3. остатокот на средствата — за тековна ликвидност на основните банки

Член 3

Кредитирањето од член 2 на оваа одлука Стопанската банка — Здружена банка — Скопје, ќе го врши според следниве услови:

1. За намените од точка 1 на член 2 на оваа одлука — со рок на враќање до 24 месеци, учество на корисникот на кредитот или на основната банка во висина од 70% од кредитираниот износ и претходна согласност на Управниот одбор на Фондот за кредитирање на опрема, метални конструкции и монтажерски работи на организациите на здружениот труд.

2. За намените од точка 2 на член 2 на оваа одлука — со рок на враќање до 9 месеци во зависност од состојбата на залихите, со учество на корисникот на кредит или на основната банка во висина од 75% од кредитираниот износ и тоа:

— за залихи на афион до 20 мил. дин.
— за залихи на памук до 20 мил. дин.
— за залихи на пивски јачмен до 20 мил. дин.

3. За намените од точка 3 на член 2 на оваа одлука — со рок на враќање до 3 месеци.

Член 4

До одобрување на кредитите за намените утврдени со точката 1 и 2 од член 2, одобрените средства времено ќе се даваат за намените утврдени во точката 3 од член 2 на оваа одлука.

Член 5

На одобрените средства Стопанската банка — Здружена банка — Скопје, ќе и плаќа на Народната банка на Македонија камата во висина од 3%, а крајните корисници на овие средства ќе плаќаат камата во висина од 4% годишно.

Пресметувањето и наплатата на каматата ќе се врши декурзивно по истекот на 3 месеци од денот на користењето на средствата.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за привремено насочување на слободните средства од пренесените депозити во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 14/68 и 21/78).

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-786/1
7 април 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

171.

Врз основа на член 2 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и општините како депозит во Народната банка на Македонија, („Службен весник на СРМ“, бр. 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И РОКОВИТЕ НА ПРЕНЕСУВАЊЕТО НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за начинот и роковите на пренесувањето на паричните средства на Републиката и општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 11/78), во член 6, став 1, зборовите „4 години“ се заменуваат со зборовите „8 години“, а во став 2 годината „1979“ се заменува со „1981“.

По став 2 се додава нов став кој гласи:

„За искористените средства од член 4 и 5 во периодот до 1 февруари 1981 година каматата ќе се пресметува и плаќа тримесечно наназад“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-787/1
7 април 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

172.

Врз основа на член 5 од Законот за условите и начинот на користењето на средствата на солидарноста за отстранување на последиците од елементарни непогоди во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 18/76 и 30/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА СОЛИДАРНОСТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНА НЕПОГОДА ВО ОПШТИНАТА ГЕВГЕЛИЈА

1. Од средствата на солидарноста на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од елементарна непогода, на Општината Гевгелија што претрпела штета од ниски температури на 2 и 3. I. 1979 година, ѝ се даваат средства за отстранување на последиците и тоа во износ од 5.000.000 динари.

2. Средствата на солидарноста од претходната точка се даваат без обврска на враќање, а ќе се користат според критериумите што ќе ги утврди Собранието на општината согласно член 6 од Законот за условите и начинот на користење на средства на солидарноста за отстранување на последиците од елементарни непогоди во Социјалистичка Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-557/1
22 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

173.

Врз основа на член 5 од Законот за условите и начинот на користење на средствата на солидарноста за отстранување на последиците од елементарни непогоди во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ", бр. 18/76 и 30/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА СОЛИДАРНОСТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ ВО ОПШТИНАТА ДЕМИР ХИСАР

1. Од средствата на солидарноста на Социјалистичка Република Македонија за отстранување на последиците од елементарни непогоди, на Општината Демир Хисар што претрпела штета од поплава на 30 и 31. I. 1979 година, ѝ се додаваат средства за отстранување на последиците и тоа во износ од 1.200.000 динари.

2. Средствата на солидарноста од претходната точка се даваат без обврска на враќање, а ќе се користат според критериумите што ќе ги утврди Собранието на општината согласно член 6 од Законот за условите и начинот на користење на средства на солидарноста за отстранување на последиците од елементарни непогоди во Социјалистичка Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-557/2
22 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

174.

Врз основа на член 40 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ" бр. 20/78) и член 169 став 2 од Деловникот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 24/76), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНЕН ОБЈЕКТ ДВ 110 КВ ОСЛОМЕЈ — СКОПЈЕ ОД ТС 110/35 КВ „ОСЛОМЕЈ" ДО ТС 380/110 КВ „СКОПЈЕ IV" НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНИТЕ КИЧЕВО, МАКЕДОНСКИ БРОД И КИСЕЛА ВОДА — СКОПЈЕ

1. Се утврдува локација на инвестиционен објект — ДВ од 110 КВ Осломеј — Скопје, од ТС 110/35 КВ „Осломеј" до ТС 380/110 КВ „Скопје IV" на подрачјето на општините Кичево, Македонски Брод и Кисела Вода — Скопје, во смисла на член 40 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот приказ (ситуација на трасата на ДВ 110 КВ Осломеј — Скопје во размер 1:50.000), кој се наоѓа во Републичкиот секретаријат за урбанизам.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-603/1
22 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

175.

Врз основа на член 40 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ" бр. 20/78) и член 169 став 2 од Деловникот на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 24/76), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНЕН ОБЈЕКТ ДВ 110 КВ СТРУМИЦА — ПЕТРИЧ (ДЕЛ ВО СРМ) ОД ТС „СТРУМИЦА" ДО ЗАТЕЗНИОТ СТОЛБ ВО МЕСНОСТА ГРАДИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА СТРУМИЦА

1. Се утврдува локација на инвестиционен објект ДВ од 110 КВ Струмица — Петрич (дел во СРМ), од ТС „Струмица" до затезниот столб во месноста Градиште на подрачјето на општината Стру-

мица, во смисла на член 40 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

2. Составен дел на оваа одлука е графичкиот приказ (ситуација на трасата на ДВ 110 КВ Струмица — Петрич делница Струмица — граница со Бугарија, во размер 1:25.000), што се наоѓа во Републичкиот секретаријат за урбанизам.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-602/1
22 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

176.

Врз основа на член 19, став 1 и 2 од Законот за материјално обезбедување на учесниците во Народно-ослободителната војна („Службен весник на СРМ", бр. 20/77 и 27/78), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

ОДЛУКА
ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНОТО МАТЕРИЈАЛНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА, СО ДВИЖЕЊЕТО НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЖИВОТ

1. Постојаното материјално обезбедување на учесниците во Народно-ослободителната војна се усогласува со движењето на трошоците за животот во Републиката и истото се зголемува за 13,9% од 1 јануари 1979 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-533/1
15 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

177.

Врз основа на член 49, став 2 од Законот за воените инвалиди („Службен весник на СРМ", бр. 29/73, 45/74 и 42/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

ОДЛУКА
ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ИНВАЛИДСКИОТ ДОДАТОК, ПОСЕБНИОТ ИНВАЛИДСКИ ДОДАТОК И МАТЕРИЈАЛНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА СО ДВИЖЕЊЕТО НА ПРОСЕЧНИТЕ ЖИВОТНИ ТРОШОЦИ

1. Инвалидскиот додаток, посебниот инвалидски додаток и материјалното обезбедување за време на професионална рехабилитација се усогласуваат со движењето на просечните животни трошоци во Републиката, така да истите се зголемуваат за 13,9% од 1 јануари 1979 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-532/1
15 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

178.

Врз основа на член 15, став 2 и 3 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1979 година („Службен весник на СРМ", бр. 43/78) и член 2 од Законот за распределба на средствата за нестопански објекти што се од општ интерес за Републиката во периодот од 1971 до 1980 година („Службен весник на СРМ" бр. 8/73, 19/75 и 25/76), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

ОДЛУКА
ЗА РАСПОРЕД НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОПРЕМУВАЊЕ НА НЕСТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ ШТО СЕ ОД ОПШТ ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Средствата на Републичкиот буџет за 1979 година во износ од 173.100.000 динари, наменети за изградба и опремување на објекти од општ интерес за Републиката, се распоредуваат по одделни корисници и намени, и тоа:

1. Републичка заедница на насоченото образование		39.700.000	дин.
— за изградба и опремување на училишен простор на насоченото образование	34.700.000		
— за спроведување на Програмата за дисперзија на високото школство	5.000.000		
2. Републичка заедница на културата			
— за изградба и опремување на објекти во областа на културата		10.000.000	„
3. Републичка заедница за здравство и здравствено осигурување			
— за изградба и опремување на простор за здравствена заштита		25.000.000	„
4. Републички секретаријат за култура		22.500.000	„
— за изградба и опремување на Регионалниот архив во Титов Велес	2.500.000		
— за изградба и опремување на музејската зграда	5.000.000		
— за изградба на спомен домови на културата	15.000.000		
5. Републички секретаријат за правосудство			
— за изградба на зграда за правосудните органи во Скопје		10.000.000	„
6. Републички секретаријат за внатрешни работи			
— за изработка на проекти за изградба на зграда за потребите на Републичкиот секретаријат за внатрешни работи и Републичкиот секретаријат за народна одбрана		6.000.000	„
7. Републички комитет за физичка култура			
— за изградба на објекти за физичка култура		12.500.000	„
8. Извршен совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија		10.000.000	„
— за изградба на станови за работниците и функционерите во републичката управа	6.000.000		

— за изработка на проект и за уредување на земјиштето за изградба на работен простор за републичките органи	4.000.000	
9. Републички хидрометеоролошки завод		
— за изградба на главни метеоролошки станици на Попова Шапка и Берово	2.000.000	„
10. Радио-телевизија — Скопје		
— за реализација на Програмата	21.300.000	„
11. Работна организација НИП „Нова Македонија“		
— за реализација на Развојната програма	8.000.000	„
12. Републичка конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија		
— за изградба на Младинско-студентско летувалиште	4.100.000	„
13. Републичка конференција на народната техника на Социјалистичка Република Македонија		
— за реализација на Програмата за изградба, доградба и опремување на објекти за техничка култура	2.000.000	„

Член 2

Средствата што дополнително ќе се обезбедат од кредити и други извори во износ до 120.000.000 динари ќе се користат по одделни корисници и намени и тоа:

1. Републичка заедница за насочено образование		
— за изградба и опремување на училишен простор за насоченото образование	до 30.000.000	дин.
2. Републичка самоуправна интересна заедница на здравството и здравственото осигурување		
— за изградба на простор за здравствена заштита	до 50.000.000	„
3. Републички секретаријат за правосудство		
— за изградба на зграда за правосудните органи во Скопје	до 10.000.000	„
4. Извршен совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија		
— за изградба на станови за работниците и за функционерите во републичката управа	до 10.000.000	„
— за инвестиционо одржување, адаптација и доградба и за набавка на опрема за објектите што служат за потребите на Републиката	до 10.000.000	„
5. Работна организација НИП „Нова Македонија“		
— за реализација на развојната програма	до 10.000.000	„

Член 3

Средствата распределени по корисници и намени од член 1 на оваа одлука, освен точките 6, 8 и 9, како и од член 2 на оваа одлука, ќе се користат како учество на Републиката.

Член 4

Распоредот на средствата од член 1, точка 4 и 7 на оваа одлука, на крајните корисници ќе го изврши корисникот на средствата.

Член 5

Републичкиот секретаријат за финансии ќе ја изврши оваа одлука според динамиката на приливот на средствата на Републиката, како и според обезбеденото учество од одделни инвеститори.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ .

Бр. 23-597/1
22 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

179.

Врз основа на член 70 став 2 од Законот за здравствената заштита на животните („Службен весник на СРМ“ број 30/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ПОСЕБНАТА РЕПУБЛИЧКА СМЕТКА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 1979 ГОДИНА

I

Средствата на Посебната републичка сметка за здравствената заштита на животните за 1979 година се утврдуваат во износ од 7.475.730 динари и се обезбедуваат од:

1. 80% од средствата што ќе се соберат од уверенијата за здравствена состојба на животните во 1979 година	4.000.000
2. Салдо од претходната година на ден 1. I. 1978 година	3.375.730
3. Камата по видување	100.000
	7.475.730

II

Средствата утврдени во точка I на оваа програма ќе се користат за:

1. Надоместок за превенирање, дијагностицирање, сузбивање и искоренување на лигавката и шапот, чумата кај говедата, афричката чума кај свињите, дуринатa, туберкулозата, бруцелозата и др. особено опасни заразни болести	740.000
2. Надоместок за земање проби крв од говеда, овци и свињи за преглед на бруцелоза и лептоспироза за грла на индивидуални стопанства	872.000
3. Надоместок за заклани говеда поради туберкулоза и за заклани говеда, овци и свињи поради бруцелоза	1.030.000
4. Партиципација за изградба на објекти за нештетно отстранување на животински мрши (јами-гробници, објекти за изгорување на мрши и др.), бетонски корита за капење на овци и изградба на зграда за ветеринарната станица во Брод Македонски, за набавка на подвижни корита за капење на овци и моторни пумпи, за дезинфекција, како и за лабораториска опрема	3.576.000

5. Проекти и студии 40.000
6. За опремување и оспособување на Републичката ветеринарна инспекција за интервенција при појава на заразни болести 110.000
7. Банкарски и административни трошоци, надзор и слично 95.000
8. Постојана резерва 1.012.730

III

Партиципацијата од точка II потточка 4 изнесува:

1. За еден објект за нештетно отстранување на мрши од пцовисани животни (јама-гробница, објект за изгорување на мрши и др.)
   — за недоволно развиени општини 150.000
   — за развиени општини 100.000
2. За едно бетонско корито за капење на овци
   — за недоволно развиени општини 30.000
   — за развиени општини 20.000
3. За едно метално корито за капење на овци
   — за недоволно развиени општини 20.000
   — за развиени општини 15.000
4. За една моторна пумпа за дезинфекција
   — за недоволно развиени општини 9.500
   — за развиени општини 6.500
5. За една приколка за пренос на пумпа за дезинфекција
   — за недоволно развиени општини 14.000
   — за развиени општини 10.000
6. За изградба на ветеринарна станица во Брод Македонски 500.000
7. Партиципација за набавка на лабораториска опрема за ветеринарно-дијагностичките установи во Републиката (Ветеринарниот институт во Скопје и Ветеринарниот центар во Битола) изнесува до 70% од набавната вредност на опремата.

IV

Корисници на средствата од точка II потточката 4 на оваа програма можат да бидат за објекти за нештетно отстранување на мрши и бетонски корита, месните заедници, општините и ветеринарните станици, за подвижни корита за капење на овци и дезинфекциони пумпи ветеринарните организации на здружениот труд; за зградата на ветеринарната станица, општината односно Ветеринарната станица во Македонски Брод, а за лабораториската опрема ветеринарно-дијагностичките организации на здружениот труд во Републиката.

V

Средствата наменети за партиципација се даваат без обврска за враќање.

VI

Спроведувањето на оваа програма го врши републичкиот секретар за земјоделство и шумарство.

VII

Стручните и административните работи за спроведување на програмата на Посебната републичка сметка за здравствена заштита на животните ги врши Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство.

VIII

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-539/1
22 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

180.

Врз основа на член 86 став 2 од Законот за железниците („Службен весник на СРМ" бр. 46/78), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР ЗА КОНСТИТУИРАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ

I. За членови на Иницијативниот одбор за конституирање на Републичката самоуправна интересна заедница во железничкиот сообраќај, се именуваат:

1. Никола Белковски, главен републички инспектор за железници и жичари,
2. Александар Грков, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,
3. Славко Ѓузински, дипл. екон., раководител на Службата за шпедиција при секторот за набавка во Рудници и железарница „Скопје" во Скопје,
4. Љупчо Ефремов, дипл. правник во Фабриката за цемент „Усје" — Скопје,
5. Борислав Костиќ, дипл. сообраќаен инженер, заменик на главниот директор на ЖТО — Скопје,
6. Јован Павловски, пом. комерцијален директор на секторот за транспорт во „Охис" — Скопје,
7. Мерџана Поповска, дипл. економист, секретар на Советот за сообраќај на Стопанската комора на Македонија,
8. Никифор Цанцевски, дипл. правник, началник на одделението за општи работи при ЖТО — Скопје,
9. Крсте Нелковски, член на Секретаријатот на Претседателството на РК на ССРНМ,
10. Шефкија Чекиќ, секретар на Републичкиот одбор на Синдикатот за сообраќај и врски на Македонија.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 17-486/1
1 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

181.

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), а во врска со член 7 од Законот за јавни споменици („Службен весник на СРМ" бр. 44/72), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА СПОМЕНИЦИ

I. Се утврдува престанување на функцијата, претседател и членови на Републичката комисија за споменици, поради истечување на времето на кое се именувани, на:

Перо Коробар, претседател
Членови:
— Кирил Алексовски,
— Ружа Бак,
— Драган Бошнаковски,
— Славко Брезовски,
— Виктор Габер,
— Рецеп Бајрам,
— Јован Каракутовски,

— Ристо Кирјазовски,
— д-р Лазо Каровски,
— акад. Љубен Лапе,
— Антоние Николовски,
— Трпко Панговски
— Јанко Тодоровски
— Нико Този,
— Мимоза Томиќ,
— Петар Хаџи Бошков,
— д-р Миле Тодоровски.

II. За претседател и членови на Републичката комисија за споменици се именуваат:

а) за претседател:

Перо Коробар, член на Советот на Републиката,

б) за членови:

1. Виктор Бајалски, Завод за урбанизам и архитектура на град Скопје,

2. Рецеп Бајрами, професор по историја во Гимназијата „Зеф Љуш Марку" — Скопје,

3. Драган Бошњаковски, академски архитект,

4. Славко Брезовски, професор на Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје,

5. Димитрие Бужаровски, член на Секретаријатот при Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија,

6. Раде Гогов, претседател на Комисијата на РК на ССРНМ за општонародна одбрана и општествена самозаштита,

7. Дрита Ислами, наставник во Основното училиште „Петар Здравковски — Пенко" — Скопје,

8. Ацо Каранфилски, полковник на Скопската армиска област,

9. Миле Корубин, академски сликар,

10. Димче Коцо, член на Македонската академија на науките и уметностите,

11. Стефан Маневски, академски скулптор,

12. Димитар Малиданов, ликовен соработник во Музејот на современата уметност — Скопје,

13. Трпко Панговски, директор на Историскиот музеј на Македонија,

14. Славе Поповски, потпретседател на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ на Македонија,

15. д-р Момчило Петровски, виш конзерватор во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата,

16. Кирил Темков, предавач на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје,

17. д-р Миле Тодоровски, научен советник во Институтот за национална историја Скопје,

18. Петар Хаџи Бошков, академски скулптор,

19. Никола Шентевски, конзерватор во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата — Скопје,

20. Милка Шопова, проф. на Природо-математичкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 17-487/1
1 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

182.

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ" бр. 17/65), а во врска со член 7 од Законот за заштита на спомениците на културата („Службен весник на СРМ" бр. 24/73), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

I. Се утврдува престанување на функцијата претседател и членови на Републичката комисија за заштита на спомениците на културата, поради истечување на времето на кое се именувани, на:

инж. арх. Крум Томоски, претседател

Членови:

1. Бошко Бабиќ,
2. Лидија Богоевиќ,
3. Ѓорѓи Бојчевски,
4. Димитар Димитровски,
5. Стојан Димовски,
6. д-р Милош Константинов,
7. Димитар Ќорнаков,
8. Борка Лазевски,
9. Владо Маленко,
10. Кице Најдевски,
11. Томо Томовски.

II. За претседател и членови на Републичката комисија за заштита на спомениците на културата се именуваат:

а) за претседател:

инж. арх. Крум Томовски, редовен професор на Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" — Скопје,

б) за членови:

1. Димитар Димитровски, директор на Заводот за заштита на спомениците на културата — Битола,

2. Димитар Димитровски, библиотекар во Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје,

3. Благоја Димовски, пом. секретар на Републичката заедница за насочено образование,

4. Васил Иљовски, виш конзерватор во Заводот за заштита на спомениците на културата,

5. Мицко Мицев, заменик секретар на Републичката заедница на научните дејности,

6. Петар Миљковиќ — Пепек, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје,

7. Антоние Николовски, конзерватор — советник во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата,

8. Борис Палазов, претседател на Одборот за заштита на спомениците на културата,

9. Владо Поповски, член на Секретаријатот на РК на ССРНМ,

10. Абдулхак Салих, виш кустос во Заводот за заштита на спомениците на културата и Народен музеј Охрид,

11. Воислав Санев, виш кустос во Археолошкиот музеј на Македонија,

12. Тодор Талевски, заменик на директорот на Архивот на Македонија,

13. Нико Този, зам. секретар на Републичката заедница на културата,

14. Димитар Ќорнаков, конзерватор — советник во Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 17-488/1
1 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

183.

Врз основа на член 46 став 2 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65), а во врска со член 26 од Законот за музејската дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 41/73), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА РЕПУБЛИЧКАТА КОМИСИЈА ЗА МУЗЕИ

I. Се утврдува престанување на функцијата претседател и членови на Републичката комисија за музеи, поради истечување на времето на кое се именувани на:

Кирил Алексовски, претседател,

Членови:

1. д-р Коста Балабанов,
2. Пеце Видимче,
3. д-р Ристо Гаревски,
4. Кузман Георгиевски,
5. Галена Куцуловска,
6. Аница Петрушева,
7. Воислав Санев,
8. Трајко Стојковски.

II. За претседател и членови на Републичката комисија за музеи се именуваат:

а) за претседател:

Живко Василевски, претседател на Матицата на иселениците на Македонија, претседател на Секцијата на РК на ССРНМ за општествено-економски и самоуправни односи во културата,

б) за членови:

1. д-р Коста Балабанов, пом. директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата,
2. Ристо Групче, кустос — советник во Природно-научниот музеј на Македонија,
3. Зорица Делиниколова, кустос — советник во Етнолошкиот музеј на Македонија,
4. Соња Абациева — Димитрова, директор на Музејот на современата уметност — Скопје,
5. Наум Димовски, самостоен педагошки соработник во Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето,
6. Владо Ивановски, секретар на Советот за одгледување револуционерни традиции од НОБ при Републичкиот одбор на СЗБ од НОВ на СР Македонија,
7. Благоја Китановски, виш кустос во Народниот музеј — Прилеп,
8. Галена Куцуловска, кустос — советник во Историскиот музеј на Македонија,
9. инж. арх. Александар Никуљски, доцент на Архитектонскиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј“ — Скопје,
10. Саржо Саржовски, претседател на Друштвата на музејските работници на Македонија,
11. Зоран Тодоровски, самостоен стручен соработник во Републичкиот секретаријат за култура — Скопје.

III. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 17-489/1
1 март 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Благој Попов, с. р.

184.

Врз основа на член 53-б од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“, бр. 10/76, 30/77), републичкиот секретар за правосудство донесува

П Р А В И Л Н И К

ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ВО КРИВИЧНАТА И ПРОЦЕСНАТА ПОСТАПКА ПРЕД РЕДОВНИТЕ СУДОВИ И ВО ПОСТАПКАТА ЗА СТОПАНСКИТЕ ПРЕСТАПИ ПРЕД СТОПАНСКИТЕ СУДОВИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се определува висината и начинот на исплатата на надоместокот на трошоците и наградата на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач, стручното лице и на другите лица под условите определени во Законот за кривичната постапка („Службен лист на СФРЈ“, бр. 4/77), Законот за процесната постапка („Службен лист на СФРЈ“, бр. 4/77) и во Законот за стопанските престапи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 4/77).

Член 2

Надоместокот на трошоците и наградата според овој правилник опфаќа:

1. трошоци на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице;
2. трошоци и награди на бранителите и полномошниците;
3. превозни трошоци и трошоци за лекување на обвинетиот како и издатоци за доведување на обвинетиот, односно на лицето лишено од слобода;
4. награда на вештакот, толкувачот, преведувачот и стручното лице за извршеното вештачење, толкување, преведување и дадени објаснувања;
5. трошоци на приватниот тужител и оштетениот како тужител во кривичната постапка;
6. трошоци на странките во процесната постапка.

Член 3

На сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице што за ист ден или за повеќе денови едноподруго се повикани во тоа својство по два или повеќе предмети, им припаѓа само еднократен износ на патните трошоци, на дневниците и на надоместокот на загубената заработувачка.

Износот од претходниот став на овој член ќе се подели на сите предмети по кои сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице учествувало и тоа соодветно на времетраењето на сведочењето, вештачењето, толкувањето, преведувањето и давањето на објаснение по секој предмет.

Во случајот од став 1 на овој член на вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице им припаѓа одделно награда за секое извршено вештачење, толкување, преведување односно давање на објаснение.

Член 4

На сведокот, на кој поради болест, телесни недостатоци или поради изнемоштеност од старост му е потребен придружник, а судот најде дека неговото сведочење е неопходно, му припаѓа надоместок на трошоците и за придружникот според член 2 од овој правилник.

Член 5

Барањето за надоместок на трошоците и наградата според член 2 од овој правилник, сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице се должни да го постават по сослушувањето, толкувањето, преведувањето, давањето мислење односно објаснување. Судот што ја

води постапката односно државниот орган како надлежен орган, должен е лицето кое има право на надоместок на трошоците да го предупреди на тоа право, како и на губењето на тоа право ако барањето не го постави во определен рок.

Ова предупредување и изјавата на лицето за неговото барање се забележува во записник.

Член 6

Сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице се должни по барање од судот што ја води постапката односно службеното лице на државниот орган кој постапува по молба за давање правна помош, да поднесат докази со кои ќе ги оправдаат сторените издатоци.

Судот односно службеното лице од претходниот став не може да бара докази од сведок, вештак, толкувач, постојан судски преведувач и стручно лице, ако самиот може полесно да ги прибави.

Член 7

Ако надоместокот на трошоците според овој правилник однапред во целост или делумно е исплатен на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице а тие не постапиле по одлуката на судот, примените износи се должни да ги вратат во рок што ќе го определи надлежниот суд, односно орган што му го исплатил износот.

II. НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ НА СВЕДОКОТ, ВЕШТАКОТ, ТОЛКУВАЧОТ, ПОСТОЈАНИОТ СУДСКИ ПРЕВЕДУВАЧ И СТРУЧНОТО ЛИЦЕ

1. Патни трошоци

Член 8

Трошоците за патување го опфаќаат надоместокот за превоз со средства во јавниот сообраќај, односно надоместокот во вид на километража.

Трошоците од претходниот став ги опфаќаат издатоците за одење од живеалиштето односно престојувалиштето до местото каде треба да се изврши сослушувањето, вештачењето, толкувањето, преведувањето или давањето на објаснение од стручно лице и за враќање во местото на живеалиштето односно престојувалиштето.

Средства во јавниот сообраќај, во смисла на овој правилник, се: железница, автобус и брод.

По исклучок, трошоците за патување го опфаќаат надоместокот за превоз со авион, доколку во одлуката на судот тоа изрично е означено.

Член 9

Надоместок за превоз припаѓа за патување извршено по најкраток пат и со најефикасно сообраќајно средство.

Поскапо сообраќајно средство може да се употреби ако трошоците на превозот со поевтиното сообраќајно средство, заедно со другите трошоци (загубено време и сл.) би изнесувале повеќе од трошоците на превозот со поскапото сообраќајно средство.

Член 10

Патните трошоци се признаваат во висина на сторените издатоци за патување со патнички воз или брод во II класа или со автобус. За патување со брз воз, патните трошоци се плаќаат само ако релацијата изнесува повеќе од 50 км. во еден правец.

На вештаците, стручните лица, постојаните судски преведувачи, воените инвалиди од I до IV група и на трудовите инвалиди од I категорија инвалидност, им се признаваат патни трошоци за превоз со I класа патнички или брз воз односно со брод.

Патните трошоци за превоз со кола за спиење или кушет се признаваат како надоместок на сведок, вештак, толкувач, постојан судски преведувач и стручно лице, кое има право да се користи со нив по основ на општиот акт на органот, организацијата на здружениот труд или заедницата во која се вработени.

Учесниците во постапката од став 3 на овој член се должни да поднесат доказ за правото да користат кола за спиење или кушет и да го приложат билетот.

Висината на надоместокот за превоз се утврдува врз основа на возниот билет или на друг погоден начин.

Член 11

Надоместокот за превоз не му припаѓа на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач или стручно лице, кое има право на постојан бесплатен превоз или кое се користи со кредитиран превоз.

На сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице кое користело повластица за превоз, му припаѓа надоместок за превоз во висина на сторените издатоци.

Член 12

На релациите на кои не сообраќа средство во јавен сообраќај или не сообраќа во погодно време или ако од други причини не можело да се користи тоа средство, на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице му припаѓа надоместок на патните трошоци во висина што се плаќа за превозните средства во општествена сопственост по километар.

Надоместокот во вид на километража припаѓа само ако оддалеченоста од местото на живеалиштето односно престојувалиштето до местото каде треба да се изврши сослушувањето, вештачењето, толкувањето, преведувањето или давањето на објаснение на стручно лице, односно од местото на живеалиштето или престојувалиштето до железничката и автобуската станица е поголема од 2 километри во еден правец.

Износот на надоместокот се пресметува според бројот на изминатите километри за секој поминат или започнат километар во двата правца, кој изнесува по 4,00 (четири) динари по изминат или започнат километар.

Растојанието на релацијата за кое припаѓа надоместокот во вид на километража се утврдува врз основа на службените податоци со кои располага надлежниот орган на собранието на општината или друг орган, или врз основа на изјава на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице.

Надоместок според овој член им припаѓа и на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице кое користело сопствено превозно средство.

2. Трошоци за прехрана и ноќевање (дневници)

Член 13

Дневницата ги опфаќа нужните издатоци за храна и ноќевање за време на престојувањето на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и службеното лице надвор од неговото живеалиште односно престојувалиште.

Надоместок на овие трошоци му припаѓа на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и службеното лице ако заради јавување на поканата морало да помине надвор од своето живеалиште односно престојувалиште, повеќе од 8 часови сметајќи го и времето потребно за доаѓање во местото каде треба да ја изврши својата должност, како и за враќање во живеалиштето односно престојувалиштето.

Член 14

Висината на дневницата не може да го надмине износот определен со општиот акт на судот, за службени патувања.

Член 15

Висината на надоместокот за исхрана и ноќевање на сведок, вештак, толкувач, постојан судски преведувач и стручно лице кои се наоѓаат на отслужување на воениот рок во Југословенската народна армија или се на служба во органите на милицијата, се определуваат според прописите за надоместок на трошоците за патување на воените лица односно припадниците на органот за внатрешни работи.

Ако на војникот односно милиционерот во местото каде што е повикан како сведок, вештак, толкувач, преведувач или стручно лице му е обезбедено бесплатно ноќевање во воената единица, односно во станицата на милицијата, му припаѓа само надоместок за прехрана.

3. Надоместок на личниот доход и загубената заработувачка

Член 16

Надоместок на личниот доход односно загубената заработувачка му припаѓа само на сведокот, вештакот, толкувачот постојаниот судски преведувач и стручното лице кое е во работен однос и кое заради вршењето на својата должност го губи личниот доход односно заработувачката, на земјоделците, занаетчиите и другите лица кои самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани, како и на домаќинките.

Член 17

Надоместокот за загубениот личен доход односно загубената заработувачка на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и службеното лице кое е во работен однос, а кое според соодветните прописи губи личен доход односно заработувачка заради јавување на покана на судот, му се определува во висина на просечната аконтација на личниот доход остварен во изминатите 3 месеци односно во висина на стварно изгубената заработувачка ако со решение на судот не е поинаку определено.

На лицата во работен однос им припаѓа надоместок за загубен личен доход и загубена заработувачка и кога не отсуствувале од работа, под услов да работат во редовна ноќна работа, а должноста на сведок, вештак, толкувач, постојан судски преведувач и стручно лице ја извршиле во времето кога се одмараат и подготвуваат за редовна ноќна работа.

Член 18

Надоместокот за загубената заработувачка на земјоделците, занаетчиите, на другите лица кои вршат самостојна дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани и на домаќинките, го определува судот што ја води постапката, со тоа што износот на овој надоместок не може да биде помал од 150 динари ниту поголем од 400 динари дневно.

Висината на надоместокот од претходниот став се одредува според загубеното време и карактерот на работата што ја врши лицето на кое му припаѓа надоместокот, а за земјоделците според годишното време односно според просечниот личен доход што го остваруваат квалификувани работници во работен однос на подрачјето на кое се води постапката.

Член 19

На лицата вработени кај лица што самостојно вршат дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани, висината на надоместокот за загубената заработувачка се определува врз основа договорот за работа или потврда на органот за социјално осигурување за износот на пријавената заработувачка или на друг погоден начин.

III. НАГРАДА ЗА РАБОТА НА ВЕШТАЦИТЕ И ТОЛКУВАЧИТЕ

Член 20

На вештакот му припаѓа награда за давање наод и мислење.

Висината на наградата се определува според околностите на секој конкретен случај, по слободна оценка, земајќи го предвид вложениот труд, сложеноста на предметот и времетраењето, како и просечниот личен доход на соодветните стручни лица.

Висината на трошоците за вештачење, вклучувајќи ја и наградата за вештачењето што го врши Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќајот се определуваат според Одлуката на Извршниот совет во смисла на член 18 од Законот за основање и работа на Републичкиот завод за судски вештачења во областа на финансиите, материјалното работење и сообраќај („Службен весник на СРМ“, бр. 9/77), доколку со закон или друг пропис не е поинаку определено.

Член 21

На вештакот му припаѓа награда за давање на дополнителен наод и мислење по ист предмет на вештачење за кој веќе му е исплатена награда за дадениот наод и мислење, доколку ваквото вештачење не се врши поради вина на вештакот.

Награда за работа на вештакот за дадениот наод и мислење не се определува кога наодот и мислењето се потврдуваат и се повторуваат во текот на постапката на главниот претрес односно на главната расправа.

Член 22

Кога вештачењето му е доверено на државен орган, организација на здружениот труд или друга организација, наградата за вештачење му припаѓа на органот односно организацијата.

Државниот орган, организацијата на здружениот труд или другата организација на која и е доверено вештачењето, има право на надоместок на трошоците за вештачењето.

На државниот орган односно организација на здружениот труд или другата организација од став 1 и 2 на овој член, трошоците за вештачењето и наградата за давање наод и мислење се надоместуваат според тарифата пропишана од страна на соодветниот орган, организацијата на здружениот труд или другата организација. Доколку таква тарифа не е пропишана, тогаш трошоците и наградата се надоместуваат според трошковникот на органот односно организацијата.

Одредбите од став 1, 2 и 3 на овој член се применуваат и кога вештачењето е доверено на државен орган кој вештачењето го врши во рамките на својата редовна дејност.

Член 23

Вештите лица имаат право на надоместок на трошоците за вештачење, што ги опфаќаат издатоците за потрошениот материјал и другите фактички издатоци што ги имале во врска со вештачењето.

Ако вештакот трошел уреди и материјали од државниот орган или од организацијата на здружениот труд или од друга организација, правото на надоместок на фактичките издатоци му припаѓа на тој орган односно организација.

Член 24

Надоместок на трошоците од член 8 до член 19 на овој правилник му припаѓа и на лицето кое, по одобрување на органот што ја води постапката, помагало при вештачењето.

Височината на наградата на лицето од став 1 на овој член се определува по слободна оцена.

Кога за вршење увид, вештачење или некои други дејствија во постапката е потребно да се извршат посебни физички или други дејствија, на

лицата кои ќе ги извршат тие работи односно дејствија им се исплатува надоместок според спогодба што ќе ја заклучи судот со тие лица. За исплатата на овие надоместоци не важат роковите од член 48 на овој правилник.

Член 25

Висината на наградата за толкувач за усното преведување се определува според околностите на конкретниот случај, земајќи го во предвид вложениот труд и сложеноста на предметот, времето што тој го поминал за преведување пред судот односно државниот орган, како и времето за разгледување на списите сврзани со усното преведување.

Во времетраењето за преведување се смета целокупното време поминато од доаѓањето на толкувачот во определеното време на местото каде треба да се врши преведувањето, се додека не престане потребата од неговото присуствување.

Одредбите од став 1 и 2 на овој член се применуваат и кога сослушувањето на глувонемите или само глувите или немите се врши преку толкувач.

Член 26

Наградата за преведување на исправите и другите поднесоци пред органот што ја води постапката се определува според прописите од дел IV на овој правилник за наградите на постојаните судски преведувачи за преведување на исправи или други поднесоци по барање од поединци или правни лица.

Висината на наградата и на трошоците за преведување пред судот ја определува судот по чие барање е извршено преведувањето.

IV. НАГРАДА ЗА РАБОТА НА ПОСТОЈАНИТЕ СУДСКИ ПРЕВЕДУВАЧИ

Член 27

На постојаниот судски преведувач за преведување на исправи или други поднесоци по барање од поединци или правни лица, му припаѓа награда и тоа:

1. за превод од странски на македонски јазик за секој ред по 3,20 динари (62 до 65 печатарски знаци во ред), со тоа што наградата не може да биде помала од 70 динари од страна;

2. за превод од македонски на странски јазик за секој ред по 4,00 со тоа што наградата не може да биде помала од 90 динари од страна;

3. за превод од странски на странски јазик за секој ред по 3,80 динари, со тоа што наградата не може да биде помала од 100 динари од страна;

4. за превод од македонски јазик на јазик на народите и народностите на Југославија и обратно, за секој ред 2,00 динари, со тоа што наградата не може да биде помала од 60 динари од страна.

За секој натамошен извод на преводот постојаниот судски преведувач има право на награда во висина од 10% од наградата предвидена во став 1-4 на овој член.

Наградата се пресметува според редовите на извршениот превод отчукан на машина за пишување. Започнатиот ред се смета како цел ред.

Член 28

За преглед на заверен превод што странките — поединец или правно лице сами го извршиле, на постојаниот судски преведувач му припаѓа половина од наградата утврдена со член 27 од овој правилник.

За превод на исправи и други поднесоци за кои се потребни посебни стручни познавања или технички знаења, наградата од член 27 од овој правилник се зголемува најмногу за 50%.

За препишување на преводот од член 27 став 1 на овој правилник на постојаниот судски преведувач му припаѓа награда во висина од 30 и тоа: за случаите од точка 1 и 4 член 27 по 15,00 динари од страна, а за случаите од точка 2 и 3 член 27 по 30,00 динари од страна.

Член 29

Постојаниот судски преведувач е должен да издаде потврда за секоја примена награда и трошоци за преведувањето, а по барање од странката е должен да издаде и писмена специфицирана пресметка на наградата односно сметка на трошоците.

V. ТРОШОЦИТЕ И НАГРАДАТА НА БРАНИТЕЛИ И ПОЛНОМОШНИЦИ

Член 30

Надоместокот на трошоците и наградата на бранителите и полномошниците адвокати, се определува според Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите („Службен весник на СРМ“ бр. 31/77).

Според оваа Тарифа се определува и наградата кога странката ја застапува јавното правобранителство, или друг орган или организација која има право на награда за застапување според адвокатската тарифа.

Кога на бранителот или полномошникот кој не е адвокат му припаѓа надоместок за нужните издатоци според одредбите на Законот за кривичната постапка, овој надоместок ги опфаќа трошоците за патување и за прехрана и ноќевање и се определува според одредбите од член 8-19 на овој правилник.

Надоместок за изгубена заработувачка на бранителот му се определува според одредбите од член 16—19 на овој правилник.

Според став 2 од овој член се определува и надоместок за стварните издатоци на назначениот полномошник кој не е адвокат (член 174 од Законот за процесната постапка). Наградата на поставениот полномошник ја определува судот по слободна оценка.

VI. ТРОШОЦИ ЗА ЛЕКУВАЊЕ И ПРЕВОЗ НА ОБВИНЕТИОТ

Член 31

Трошоците за лекување на обвинетиот ги опфаќаат:

1. трошоците за лекување во здравствена организација на здружениот труд на социјално неосигуран обвинет додека се наоѓа во притвор;

2. трошоците за сместување и исхрана на обвинетиот упатен на психијатриско посматрање заради вештачење во поглед на неговата пресметливост во здравствена установа за душевно болни лица или друга здравствена установа;

3. трошоците за превоз на обвинетиот до здравствената организација и назад.

Надоместокот на трошоците од точка 1 и 2 од став 1 на овој член се утврдува врз основа на сметката од здравствената организација на здружениот труд, а надоместокот на трошоците од точка 3 на овој член на начинот пропишан со член 32 од овој правилник.

Член 32

Надоместокот за превоз на обвинетиот се признава во висина на сторените издатоци за патување со патнички воз или брод во втора класа или автобус, од местото на живеалиштето односно престојувалиштето до местото каде треба да се сослуша и назад.

На обвинетиот му се признава надоместок на трошоците за патување во километри, под условите пропишани со член 12 од овој правилник.

На обвинетиот не му припаѓа надоместок на трошоците за патување ако има право на постојан бесплатен превоз.

Ако судот издал наредба да се доведе обвинетиот (член 184 од Законот за кривичната постапка) на обвинетиот не му припаѓа надоместок за трошоците за патувањето.

VII. ТРОШОЦИ НА ПРИВАТНИОТ ТУЖИТЕЛ, НА ОШТЕТЕНИОТ КАКО ТУЖИТЕЛ И ОШТЕТЕНИОТ ВО КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА

Член 33

Кога на приватниот тужител, на оштетениот како тужител на оштетениот односно на нивните законски застапници односно полномошници им припаѓа надоместок на нужните издатоци според одредбите од Законот за кривичната постапка, овој надоместок ги опфаќа трошоците за патување и трошоците за прехрана и ноќевање и се одмерува според одредбите од член 8 до 15 на овој правилник.

Приватниот тужител или оштетениот што е поканет како сведок, има право на надоместок на трошоците што им се признаваат на сведоците.

VIII. ТРОШОЦИ НА СТРАНКИТЕ ВО ПРОЦЕСНАТА ПОСТАПКА

Член 34

Кога странката, замешувачот, односно законскиот застапник има право на надоместок за трошоците за превоз, трошоците за прехрана и ноќевање или надоместок на личен доход или загубена заработувачка, тој надоместок се определува според одредбите на член 8—19 од овој правилник.

IX. ТРОШОЦИ ЗА УВИД

Член 35

Трошоците за увид за сите лица, чие присуство на увидот или реконструкцијата на настанот е задолжително, ги исплатува однапред судот што ја води кривичната постапка, а потоа се наплатуваат од лицето задолжено да ги надомести според Законот за кривичната постапка.

X. ТРОШОЦИ ЗА ПАТУВАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

Член 36

Надоместокот на трошоците за службените патувања на судиите и другите лица кои учествуваат во кривичната постапка и во постапката пред стопанските судови за стопанските престапи се определуваат согласно општите акти на судот односно државниот орган.

XI. ИСПЛАТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ

Член 37

Во постапката за кривични дела кои се гонат по службена должност трошоците на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице, трошоците за увид, трошоците за патување на службените лица, издатоците за доведување на обвинетиот и сведокот, како и трошоците за лекување и превоз на обвинетиот ги исплатува однапред судот што ја води кривичната постапка.

Ако сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице е во работен однос, износот на надоместокот на личниот доход и изгубената заработувачка ги исплатува судот односно органот што ја води кривичната постапка по барањето на рефундација што го поднел органот, организацијата на здружениот труд или друга организација или работникот што самостојно врши дејност со личен труд со средства за работа во сопственост на граѓани.

Член 38

Ако странката е ослободена од плаќање трошоци на постапката според член 172 и 173 од Законот за процесната постапка, трошоците на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач и стручното лице, вклучувајќи ја тука и наградата на вештакот, толкувачот и постојаниот судски преведувач и стручното лице, како и трошоците околу вештачењето, ги исплатува судот од средствата наменети за таа цел.

Член 39

Ако однапред е вложен потребниот износ за исплаќање на трошоците што ќе настанат по повод изведувањето на доказите (член 153 од Законот за процесната постапка), судот во решението ќе определи одреден износ да им се исплати на сведокот, вештакот толкувачот или преведувачот од вложениот износ.

Ако по извршеното службено дејство се утврди дека вложениот износ од став 1 на овој член е недоволен за покривање на надоместоците на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач или стручното лице, судот ќе ја повика странката во определен рок да ја внесе разликата помеѓу првобитно вложениот и потребниот износ за покривање на надоместоците, ако има вишок од вложениот износ и се враќа на странката.

Член 40

Судијата е должен сите трошоци што се исплатуваат од средствата на судот што ја води постапката, како и тие што по налог на судот однапред ги положила странката за исплаќање на трошоците што ќе настанат по повод изведувањето на доказите, да ги внесе во посебен попис (трошковник на постапката) кој се прилага кон списите на предметот заради земање во предвид при одлучувањето за трошоците за постапката. Органот за внатрешни работи пописот на трошоците ќе го приложи кон записникот за преземеното истражно дејствие.

На начинот определен во член 39 став 1 ќе се постапи и во случаите кога трошоците им се однапред исплатени на сведоците, вештаците, толкувачите, постојаните судски преведувачи и стручните лица.

На начинот определен во член 39 ќе постапи и замолениот суд односно државниот орган, кој е должен пописот на трошоците да го достави заедно со списите на надлежниот суд кој бара правна помош.

Член 41

Кога сведочењето, вештачењето, толкувањето, преведувањето, увидот или давањето објаснение од стручно лице се вршат пред замолен суд односно орган, по барањето за надоместокот на трошоците односно определувањето на наградата одлучува судот или државниот орган односно службеното лице што постапило по замолницата.

Ако органот што ја води постапката не му го исплатил однапред на замолениот суд односно државниот орган потребниот износ за покривање на трошоците, надоместокот односно наградата ја исплатува замолениот суд односно државниот орган од своите пресметковни средства, а органот што ја води постапката е должен по барање од замолениот суд односно државниот орган да му го надомести исплатениот износ.

Ако пред замолениот суд односно органот, сведочењето, вештачењето, толкувањето, преведувањето, увидот или давањето објаснение од стручно лице го вршело лице кое е во работен однос овој орган е должен во потврдата што се издава на таквото лице да го означи органот што ја води кривичната постапка со укажување дека барањето за рефундација за исплатениот надоместок на личниот доход треба да се упати на тој орган.

Ако замолениот суд односно државниот орган е од друга социјалистичка република или автономна покраина, судот односно државниот орган ќе постапи согласно прописите за надоместокот на трошоците што важат на подрачјето на замолениот суд или државен орган.

Член 42

Органот за внатрешни работи направените трошоци во вршењето на одделни дејствија во кривичната постапка по барање од судот, ги внесува во пописот на трошоците (трошковник) и го доставува до надлежниот суд заедно со списите за спроведените дејствија.

Судот трошоците од став 1 на овој член ги внесува во својот попис на трошоците.

Член 43

Во постапката за кривичните дела кои се гонат по приватна тужба, трошоците однапред ги исплатува:

1. приватниот тужител, ако бара толкување при испитувањето на обвинетиот, доведување на обвинетиот, како и трошоците за превоз на обвинетиот,

2. лицето што предложило изведување на докази: распит на сведоци, вештаци, толкувачи, постојани судски преведувачи, стручни лица и увид на лице место и патни трошоци на службените лица.

Кога во постапката за кривични дела кои се гонат по приватна тужба, по службена должност е наредено преземање на дејствија што повлекуваат трошоци, ќе и се наложи на странката во чиј интерес се преземаат дејствијата, да обезбеди со давање во готови пари потребен износ за исплатување на трошоците. Ако дејствијата се преземени во интерес на двете странки, ќе се определи секоја странка да даде половина од тој износ.

Ако една односно двете странки не дадат готови пари во определен износ според став 2 на овој член, трошоците за преземените дејствија ќе се исплатат од средствата на судот што ја води кривичната постапка, а потоа ќе се наплатат од лицата што се должни да ги надоместат според одредбите од Законот за кривичната постапка.

Член 44

Во процесната постапка не ќе се повикаат заради сведочење, вештачење или преведување, лицата кои се во работен однос, пред странката да го вложи определениот аванс на име на трошоците.

Член 45

Во процесната постапка се исплатуваат однапред од средствата на судот само трошоците предвидени во член 153 став 4 и во член 175 од Законот за процесната постапка.

Член 46

Трошоците исплатени однапред од средства на судот, се внесуваат во посебен попис на трошоците, што се приложува кон списите, за да му послужи на судот при одлучување во смисла на член 96—100 од Законот за кривичната постапка и член 154—167 од Законот за процесната постапка.

Член 47

Сведоците, вештаците, толкувачите, постојаните судски преведувачи и стручните лица можат да бараат однапред да им се исплати потребниот износ на трошоците за патување, а на вештаците и трошоците за вештачење.

XII. РОКОВИ

Член 48

Барањето за надоместок на трошоците односно исплатата на наградата, сведоците, вештаците, толкувачите, постојаните судски преведувачи и стручните лица, како и лицето кое помагало при вештачењето, го поднесуваат веднаш по извршеното сведочење, вештачење, толкување, преведување, дадено објаснување и помагање.

На лицата од став 1 на овој член веднаш им се издава потврда за времето што го поминале во вршењето на тие должности.

Потврдата му се поднесува на органот, организацијата на здружениот труд, друга организација или заедница, односно на лицето кое самостојно врши дејност со личен труд со средства за работа во сопственост на граѓани, кои имаат право на рефундација.

Во потврдата од став 2 се внесува времето поминато на пат од местото на живеалиштето односно престојувалиштето до судот, времето поминато во судот, како и потребното време за враќање од судот до местото на живеалиштето односно престојувалиштето.

Барањето на трошоците за патување, службените лица го поднесуваат во рокот предвиден во општите акти на органот, што го регулира прашањето за надоместок на трошоците за службени патувања.

Државните органи, организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници кои имаат право на надоместок на трошоци за награда за извршеното вештачење или на надоместок за лечење на обвинетиот, барањето го поднесуваат во рок од 30 дена од денот на извршеното вештачење, односно од отпуштањето на обвинетиот од здравствената установа.

Лицата, државните органи, организациите на здружениот труд, другите организации и заедници како и лицето што самостојно врши дејност со личен труд со средства за работа во сопственост на граѓани кои имаат право на надоместок на трошоците, се должни да поднесат докази со кои се докажуваат сторените издатоци.

XIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 49

Одредбите на овој правилник во поглед на определување надоместок на трошоците на сведокот, вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач, стручното лице и другите лица и наградата на вештакот, толкувачот, постојаниот судски преведувач, стручното лице и другите лица, согласно ќе се применуваат во посебните вонпроцесни постапки и во извршната постапка.

Член 50

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1. IV. 1979 година.

Број 0301-424
15 март 1979 година
Скопје

Републички секретар
за правосудство,
д-р Ѓорѓи Ј. Цаца, с. р.

185.

Врз основа на член 32, 37 став 2 и член 339 став 1 точка 15 од Законот за извршување на кривичните санкции („Службен весник на СРМ“ бр. 47/73) и член 223 став 2 од Законот за прекршоци („Службен весник на СРМ“ бр. 29/73 и 47/74), републичкиот секретар за правосудство донесува

НАРЕДБА
ЗА УПАТУВАЊЕ ВО КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА, ЛИЦА КАЗНЕТИ ВО ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА, ПРИТВОРЕНИ ЖЕНСКИ ЛИЦА И МАЛОЛЕТНИЦИ НА КОИ ИМ Е ИЗРЕЧЕНА ЗАВОДСКА МЕРКА УПАТУВАЊЕ ВО ВОСПИТНО-ПОПРАВЕН ДОМ

Со оваа наредба поблиску се определува во кои казнено-поправни установи се упатуваат осудени лица, лица казнети во прекршочна постапка, притворени женски лица и малолетници на кои им е изречена заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом.

I

Во Казнено-поправниот дом Идризово се упатуваат на издржување казна затвор или малолетнички затвор:

1. машки лица осудени со правносилна пресуда на казна затвор повеќе од шест месеци или ако остатокот на казната по пресметаниот притвор изнесува повеќе од шест месеци;

2. помлади полнолетни машки лица осудени со правносилна пресуда на казна затвор или малолетнички затвор, ако по пресметаниот притвор остатокот од казната изнесува повеќе од шест месеци и доколку во времето на упатување се полнолетни, но не наполниле 23 години. Овие лица казната ја издржуваат во посебно одделение за помлади полнолетни лица;

3. машки лица осудени со правносилна пресуда на казна малолетнички затвор ако во времето на упатување се малолетни. Овие лица казната ја издржуваат во посебно одделение за малолетници;

4. женски лица осудени со правносилна пресуда на казна затвор или малолетнички затвор. Овие лица казната ја издржуваат во посебно одделение за женски лица;

5. странски државјани или лица без државјанство осудени на казна малолетнички затвор ако во време на упатувањето се малолетници, женски лица осудени на казна затвор независно од висината на казната и машки и женски лица на кои во прекршочната постапка им е изречена казна затвор;

6. лица во притвор на кои им е изречена казна затвор може да се упатат и пред правосилноста на пресудата, под условите од член 353 став 8 од Законот за кривичната постапка и член 97 од Законот за извршување на кривичните санкции.

II

Во Казнено-поправниот дом Сремска Митровица се упатуваат на издржување казна затвор осудени полнолетни машки лица странски државјани и лица без државјанство, независно од висината на казната.

III

1. Мерката на безбедност задолжително лекување на алкохоличари и наркомани изречена со безусловна казна затвор независно од висината на казната се извршува во здравствените организации определени со Правилникот за извршување на мерката за безбедност задолжително лекување на алкохоличари и наркомани („Службен весник на СРМ“ бр. 37/77).

Упатувањето заради извршување на мерката задолжително лекување на алкохоличари и наркомани го извршува општинскиот суд на чие подрачје има живеалиште осуденото лице, а ако се наоѓа во притвор, општинскиот суд во чие седиште се наоѓа затворот, во следните здравствени организации:

а) Во Болницата за нервни и душевни болести — Бардовци се упатуваат осудените лица од подрачјето на општините: Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар, Куманово, Кратово, Крива Паланка, Титов Велес, Кичево и Македонски Брод.

б) Во Болницата за душевни болести — Демир Хисар се упатуваат осудени лица од подрачјето на општините: Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Охрид и Струга.

в) Во Болницата за нервни и душевни болести — Негорци се упатуваат осудени лица од подрачјето на општините: Гевгелија, Валандово, Неготино, Кавадарци, Свети Николе, Штип, Пробиштип, Берово, Делчево, Радовиш и Струмица.

2. По довршеното лекување, осуденото лице на кое се уште му трае казната, се упатува на издржување на остатокот на казната затвор во казнено-поправната установа според оваа наредба. Здравствената организација во која се лекува осуденото лице, ќе ја извести казнено-поправната установа во која треба да биде упатено, како би можела да го спроведе на понатамошно доизвршување на казната затвор.

IV

Во Воспитно-поправниот дом во Тетово се упатуваат малолетници од машки пол и малолетници — странски државјани и без државјанство од машки пол, на кои со правносилно решение им е изречена заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом.

V

Во Воспитно-поправниот дом во Крушевац се упатуваат малолетници од женски пол, на кои со правносилно решение им е изречена заводска мерка упатување во воспитно-поправен дом.

VI

Во општински затвор се упатуваат осудени машки лица и машки лица казнети во прекршочна постапка на казна затвор во траење до шест месеци и осудени лица на кои по пресметаниот притвор остатокот од казната затвор изнесува до шест месеци.

VII

Во општински затвор се упатуваат женски притворени лица и женски лица казнети во прекршочна постапка на казна затвор, според следниот распоред:

1. Во Општинскиот затвор во Скопје:

женски лица спрема кои е нареден притвор, со живеалиште од подрачјето на општините: Валандово, Гевгелија, Кавадарци, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, на град Скопје и Титов Велес.

2. Во Општинскиот затвор во Тетово:

а) женски лица на кои во прекршочна постапка им е изречена казна затвор независно од висината, со живеалиште од подрачјето на општините: Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Македонски Брод, град Скопје, Тетово и Гостивар;

б) женски лица од подрачјето на СР Македонија на кои во прекршочна постапка им е изречена казна затвор преку 15 дена;

в) женски лица спрема кои е нареден притвор, со живеалиште од подрачјето на општините: Гостивар, Дебар, Кичево, Македонски Брод и Тетово.

3. Во Општинскиот затвор во Битола:

а) женски лица на кои во прекршочна постапка им е изречена казна затвор до 15 дена, со живеалиште од подрачјето на општините: Битола, Демир Хисар, Крушево, Прилеп и Ресен;

б) женски лица спрема кои е нареден притвор, со живеалиште од подрачјето на општините: Битола, Демир Хисар, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга.

4. Во Општинскиот затвор во Штип:

а) женски лица на кои во прекршочна постапка им е изречена казна затвор до 15 дена, со живеалиште од подрачјето на општините: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип;

б) женски лица за кои е нареден притвор, со живеалиште од подрачјето на општините: Берово, Виница, Делчево, Кочани, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе, Струмица и Штип.

5. Во Општинскиот затвор во Охрид:

женски лица на кои во прекршочна постапка им е изречена казна затвор до 15 дена, со живеалиште од подрачјето на општините: Дебар, Охрид и Струга.

6. Во Општинскиот затвор Гевгелија:

женски лица на кои во прекршочна постапка им е изречена казна затвор до 15 дена, со живеалиште од подрачјето на општините: Валандово, Гевгелија, Неготино, Титов Велес и Кавадарци.

VIII

Според распоредот од делот VII на оваа наредба се упатуваат и женски притворени лица со живеалиште надвор од Социјалистичка Република Македонија.

IX

Во казнено-поправните установи ја издржуваат казната затвор или малолетнички затвор, осудените лица од судовите и казнетите лица во прекршочна постапка од органите за водење на постапката по прекршоци од подрачјето на Републиката, како и од другите републики или од автономните покраини доколку во време на повикувањето имаат живеалиште во Социјалистичка Република Македонија.

X

Со влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата бр. 0601-2393 од март 1976 година, објавена во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ бр. 16/76.

XI

Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 0301-423
февруари 1979 година
Скопје

Републички секретар
за правосудство,
д-р Ѓорѓи Ј. Цаца, с. р.

186.

Врз основа на точката 48 и точката 50, потточка 3 став 5 од Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и другите самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи („Службен лист на СФРЈ“, бр. 61/77, 9/78, 41/78 и 69/78), републичкиот секретар за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ПРОПИШУВАЊЕ НА ПОТСМЕТКИ НА УПЛАТНИТЕ СМЕТКИ КАКО И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕОДНИ СМЕТКИ И НА ЗБИРНИ СТАПКИ ЗА УПЛАТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС И ОД ДОХОДОТ

1. Во Наредбата за пропишување на потсметки на уплатните сметки како и за утврдување на преодни сметки и на збирни стапки за уплатување на придонесите од личниот доход од работен однос и од доходот („Службен весник на СРМ“, бр. 1/79), во точка 2 став 1, ред 2 и 3 зборовите: „републичките самоуправни интересни заедници и“ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Придонесите од личниот доход од работен однос и од доходот за републичките самоуправни интересни заедници од областа на пензиското и инвалидското осигурување, општествената заштита на децата, основното образование, културата, физичката култура и социјалната заштита се уплатуваат со одделен налог за преносна преодна сметка и по збирни стапки искажани во прегледот бр. 2, кој е составен дел на оваа наредба.“

2. Во точката 3, став 1 ред 6, бројките: „2, 3 и 4“ се менуваат со бројките: „3, 4 и 5“.

По став 1, се додава нов став, кој гласи:

„За уплатените придонеси од став 1 на оваа точка, организациите на здружен труд од подрачјето на град Скопје на Службата на општественото книговодство — Филијала 40100 Скопје ќе ѝ доставуваат податоци, тримесечно за висината на основиците по општини“.

Досегашниот став 2 станува став 3.

3. Во Списокот на потсметките на уплатните сметки за уплата на придонесите се вршат следните измени и дополнувања:

а) во реден број 8) Самоуправна интересна заедница на насоченото образование, во здравството и социјалната заштита, по алинејата 1, се додава нова алинеја, која гласи:

„ — потсметка бр. 843-19415 — Придонес од личен доход за насоченото образование од здравството и социјалната заштита.“ и

б) по реден број 8), се додава нов реден број 9), кој гласи:

„9) Општа самоуправна интересна заедница на насоченото образование,

— потсметка бр. 843-31593 — Придонес од доходот за Општата заедница на насоченото образование.“

Редните броеви од 9 до 14 стануваат 10 до 15.

4. Прегледите 1 до 5 се менуваат и се составен дел на оваа наредба.

5. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 11-43/1
9 април 1979 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
Ристо Филиповски, с. р.

ПРЕГЛЕД БР. 1

Поединечни стапки на самоуправните интересни заедници од насоченото образование и научните дејности образувани за територијата на Републиката

1. Придонеси од личните доходи од работен однос од нестопанството	
— насочено образование	3,55%
— научни дејности	0,45%
2. Придонеси од доходот од стопанството	
— насочено образование	2,32%
— научни дејности	0,24%

ПРЕГЛЕД БР. 2

Поединечни и збирни стапки и преодни сметки за уплата на придонесите на републичките самоуправни интересни заедници

1) Придонеси од личните доходи од работен однос

	Стапка		Број на преодната сметка кај СОК
	бруто	нето	
а) Од стопанството:			
— пензиско и инвалидско осигурување	9,70	14,15	
— општествена заштита на децата	2,95	—	
— основно образование	1,00	—	
Збирна стапка	13,65		40100-844-033-63
б) Од нестопанството:			
— пензиско и инвалидско осигурување	9,70		
— општествена заштита на децата	2,95		
— основно образование	1,00		
— култура	0,20		
— физичка култура	0,05		
— социјална заштита	0,05		
Збирна стапка	13,95		40100-844-033-79
2. Придонеси од доходот од стопанството			
— култура	0,36		
— физичка култура	0,05		
— социјална заштита	0,18		
— Збирна стапка	0,59		40100-844-033-84

ПРЕГЛЕД БР. 3

Поединечни и збирни стапки и преодни сметки за уплата на придонесите од личните доходи кога живеалиштето на работникот и седиштето на ис платителот на личниот доход се во иста општина

а) од стопанство

Ред. број	ОПШТИНА	Основно образов.	Здравствено осигурување	Општеств. заштита на децата	Вработување	Збирна стапка	Број на преодната сметка кај СОК
1	2	3	4	5	6	7	8
1.	Берово	5,80	8,00	0,50	0,75	15,05	40410-844-001-16
2.	Битола	4,15	7,10	0,50	0,75	12,50	40300-844-002-16
3.	Брод Македонски	5,00	7,50	0,50	0,75	13,75	40321-844-003-16
4.	Валандово	4,90	6,50	0,54	0,38	12,32	41300-844-031-16
5.	Виница Македонска	6,00	7,25	0,50	0,75	14,50	40401-844-032-16
6.	Гевгелија	4,60	7,60	0,50	0,60	13,30	41610-844-007-16
7.	Гостивар	5,00	7,50	0,50	0,75	13,75	41510-844-008-16
8.	Дебар	5,00	7,00	0,85	0,75	13,60	41030-844-004-16
9.	Делчево	5,00	8,00	0,50	0,75	14,25	40420-844-005-16
10.	Демир Хисар	5,50	7,10	1,25	0,75	14,60	40301-844-006-16
11.	Кавадарци	6,30	7,50	0,50	0,75	15,05	41620-844-009-16
12.	Кичево	6,00	7,50	0,50	0,75	14,75	40320-844-010-16
13.	Кочани	5,00	7,25	0,50	0,75	13,50	40400-844-011-16
14.	Кратово	5,00	7,50	1,00	0,75	14,25	40901-844-012-16
15.	Крива Паланка	5,00	7,20	0,50	0,75	13,45	40910-844-013-16
16.	Крушево	5,10	7,50	0,50	0,75	13,85	41110-844-014-16
17.	Куманово	5,00	7,50	0,55	0,65	13,70	40900-844-015-16
18.	Неготино	5,40	7,60	0,70	0,75	14,45	41630-844-016-16
19.	Охрид	5,00	7,00	0,50	0,75	13,25	41000-844-017-16
20.	Прилеп	5,00	7,50	0,50	0,75	13,75	41100-844-018-16
21.	Пробиштип	4,50	9,00	0,50	0,75	14,75	41401-844-019-16
22.	Радовиш	5,35	8,00	0,50	0,75	14,60	41310-844-020-16
23.	Ресен	6,00	7,10	0,50	0,75	14,35	40310-844-021-16
24.	Св. Николе	5,00	7,10	0,50	0,75	13,35	41420-844-027-16
25.	Струга	3,60	7,60	0,50	0,75	12,45	41020-844-025-16
26.	Струмица	5,10	7,40	0,80	0,75	14,05	41300-844-026-16
27.	Тетово	4,20	7,50	0,50	0,75	12,95	41500-844-029-16
28.	Титов Велес	5,60	7,60	0,68	0,75	14,63	41600-844-030-16
29.	Штип	5,00	7,25	0,50	0,75	13,50	41400-844-028-16
30.	Скопје[1])	4,80	6,80	0,60	0,60	12,80	40100-844-033-16

[1]) Стапките од Скопје се применуваат на сите пет општини (Центар, Чаир, Гази Баба, Карпош и Кисела Вода).

б) од нестопанство

Ред. број	ОПШТИНА	Основно образов.	Култура	Физичка култура	Соци. заштита	Здрав. осигур.	Општ. заштита на деца	Вработување	Збирна стапка	Број на преодната сметка кај СОК
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11
1.	Берово	5,80	0,40	0,10	0,30	8,00	0,50	0,75	15,85	40410-844-001-21
2.	Битола	4,15	0,44	0,07	0,24	7,10	0,50	0,75	13,25	40300-844-002-21
3.	Брод Македонски	5,00	0,10	0,15	0,35	7,50	0,50	0,75	14,35	40321-844-003-21
4.	Валандово	4,90	0,14	0,50	0,50	6,50	0,54	0,38	13,46	41300-844-031-21
5.	Виница Македонска	6,00	0,60	0,40	0,60	7,25	0,50	0,75	16,10	40401-844-032-21
6.	Гевгелија	4,60	0,30	0,15	0,30	7,60	0,50	0,60	14,05	41610-844-007-21
7.	Гостивар	5,00	0,25	0,10	0,20	7,50	0,50	0,75	14,30	41510-844-008-21
8.	Дебар	5,00	0,60	0,45	0,30	7,00	0,85	0,75	14,95	41030-844-004-21
9.	Делчево	5,00	0,30	0,30	0,25	8,00	0,50	0,75	15,10	40420-844-005-21
10.	Демир Хисар	5,50	0,40	0,35	0,40	7,10	1,25	0,75	15,75	40301-844-006-21
11.	Кавадарци	6,30	0,35	0,20	0,30	7,50	0,50	0,75	15,90	41620-844-009-21
12.	Кичево	6,00	0,70	0,35	0,45	7,50	0,50	0,75	16,25	40320-844-010-21
13.	Кочани	5,00	0,30	0,50	0,25	7,25	0,50	0,75	14,55	40400-844-011-21
14.	Кратово	5,00	1,00	0,18	0,60	7,50	1,00	0,75	16,03	40901-844-012-21
15.	Крива Паланка	5,00	0,20	0,05	0,30	7,20	0,50	0,75	14,00	40910-844-013-21
16.	Крушево	5,10	0,38	0,50	0,24	7,50	0,50	0,75	14,97	41110-844-014-21
17.	Куманово	5,00	0,40	0,10	0,20	7,50	0,55	0,65	14,40	40900-844-015-21
18.	Неготино	5,40	0,30	0,50	0,60	7,60	0,70	0,75	15,85	41630-844-016-21
19.	Охрид	5,00	0,35	0,55	0,15	7,00	0,50	0,75	14,30	41000-844-017-21
20.	Прилеп	5,00	0,18	0,18	0,19	7,50	0,50	0,75	14,30	41100-844-018-21
21.	Пробиштип	4,50	0,75	0,20	0,20	9,00	0,50	0,75	15,90	41401-844-019-21
22.	Радовиш	5,35	0,48	0,30	0,35	8,00	0,50	0,75	15,73	41310-844-020-21
23.	Ресен	6,00	1,70	0,70	1,60	7,10	0,50	0,75	18,35	40310-844-021-21
24.	Свети Николе	5,00	0,20	0,35	—	7,10	0,50	0,75	13,90	41420-844-027-21
25.	Струга	3,60	0,30	0,50	0,25	7,60	0,50	0,75	13,50	41020-844-025-21
26.	Струмица	5,10	0,33	0,50	0,15	7,40	0,80	0,75	15,03	41300-844-026-21
27.	Тетово	4,20	0,10	0,10	0,50	7,50	0,50	0,75	13,65	41500-844-029-21
28.	Титов Велес	5,60	0,30	0,25	0,30	7,60	0,73	0,75	15,53	41600-844-030-21
29.	Штип	2,30	2,30	0,50	0,90	7,25	0,50	0,75	14,50	41400-844-028-21
30.	Скопје[1])	4,80	0,90	0,10	0,30	6,80	0,60	0,60	14,10	40100-844-033-21

[1]) Стапките од Скопје се применуваат на сите пет општини (Центар, Чаир, Гази Баба, Карпош и Кисела Вода).

ПРЕГЛЕД БР. 4

Поединечни и збирни стапки и преодни сметки за уплата на придонесите од личните доходи кога живеалиштето на работникот и седиштето на исплатителот на личниот доход не се во една општина

а) Стопанство

Ред. број	Општина	Основно образование	Општествена заштита на децата	Збирна стапка	Број на преодната сметка кај СОК
1	2	3	4	5	6
1.	Берово	5,80	0,50	6,30	40410-844-001-37
2.	Битола	4,15	0,50	4,65	40300-844-002-37
3.	Брод Македонски	5,00	0,50	5,50	40321-844-003-37
4.	Валандово	4,90	0,54	5,44	41300-844-031-37
5.	Виница Македонска	6,00	0,50	6,50	40401-844-032-37
6.	Гевгелија	4,60	0,50	5,10	41610-844-007-37
7.	Гостивар	5,00	0,50	5,50	41510-844-008-37
8.	Дебар	5,00	0,85	5,85	41030-844-004-37
9.	Делчево	5,00	0,50	5,50	40420-844-005-37
10.	Демир Хисар	5,50	1,25	6,75	40301-844-006-37
11.	Кавадарци	6,30	0,50	6,80	41620-844-009-37
12.	Кичево	6,00	0,50	6,50	40320-844-010-37
13.	Кочани	5,00	0,50	5,50	40400-844-011-37
14.	Кратово	5,00	1,00	6,00	40901-844-012-37
15.	Крива Паланка	5,00	0,50	5,50	40910-844-013-37
16.	Крушево	5,10	0,50	5,60	41110-844-014-37
17.	Куманово	5,00	0,55	5,55	40900-844-015-37
18.	Неготино	5,40	0,70	6,10	41630-844-016-37
19.	Охрид	5,00	0,50	5,50	41000-844-017-37
20.	Прилеп	5,00	0,50	5,50	41100-844-018-37
21.	Пробиштип	4,50	0,50	5,00	41401-844-019-37
22.	Радовиш	5,35	0,50	5,85	41310-844-020-37
23.	Ресен	6,00	0,50	6,50	40310-844-021-37
24.	Свети Николе	5,00	0,50	5,50	41420-844-027-37
25.	Струга	3,60	0,50	4,10	41020-844-025-37
26.	Струмица	5,10	0,80	5,90	41300-844-026-37
27.	Тетово	4,20	0,50	4,70	41500-844-029-37
28.	Титов Велес	5,60	0,68	6,28	41600-844-030-37
29.	Штип	5,00	0,50	5,50	41400-844-028-37
30.	Скопје[1])	4,80	0,60	5,40	40100-844-033-37

[1]) Стапките од Скопје се применуваат на сите пет општини (Центар, Чаир, Гази Баба, Карпош и Кисела Вода).

б) од нестопанството

Ред. број	Општина	Основно образование	Култура	Физичка култура	Социјална заштита	Општествена заштита на децата	Збирна стапка	Број на преодната сметка кај СОК
1	2	3	4	5	6	7	8	9
1.	Берово	5,80	0,40	0,10	0,30	0,50	7,10	40410-844-001-42
2.	Битола	4,15	0,44	0,07	0,24	0,50	5,40	40300-844-002-42
3.	Брод Македонски	5,00	0,10	0,15	0,35	0,50	6,10	40321-844-003-42
4.	Валандово	4,90	0,14	0,50	0,50	0,54	6,58	41300-844-031-42
5.	Виница Македонска	6,00	0,60	0,40	0,60	0,50	8,10	40401-844-032-42
6.	Гевгелија	4,60	0,30	0,15	0,30	0,50	5,85	41610-844-007-42
7.	Гостивар	5,00	0,25	0,10	0,20	0,50	6,05	41510-844-008-42
8.	Дебар	5,00	0,60	0,45	0,30	0,85	7,20	41030-844-004-42
9.	Делчево	5,00	0,30	0,30	0,25	0,50	6,35	40420-844-005-42
10.	Демир Хисар	5,50	0,40	0,35	0,40	1,25	7,90	40301-844-006-42
11.	Кавадарци	6,30	0,35	0,20	0,35	0,50	7,70	41620-844-009-42
12.	Кичево	6,00	0,70	0,35	0,45	0,50	8,00	40320-844-010-42
13.	Кочани	5,00	0,30	0,50	0,25	0,50	6,55	40400-844-011-42
14.	Кратово	5,00	1,00	0,18	0,60	1,00	7,78	40901-844-012-42
15.	Крива Паланка	5,00	0,20	0,05	0,30	0,50	6,05	40910-844-013-42
16.	Крушево	5,10	0,38	0,50	0,24	0,50	6,72	41110-844-014-42
17.	Куманово	5,00	0,40	0,10	0,20	0,55	6,05	40900-844-015-42
18.	Неготино	5,40	0,30	0,50	0,60	0,70	7,50	41630-844-016-42
19.	Охрид	5,00	0,35	0,55	0,15	0,50	6,55	41000-844-017-42
20.	Прилеп	5,00	0,18	0,18	0,19	0,50	6,05	41100-844-018-42
21.	Пробиштип	4,50	0,75	0,20	0,20	0,50	6,15	41401-844-019-42
22.	Радовиш	5,35	0,48	0,30	0,35	0,50	6,98	41310-844-020-42
23.	Ресен	6,00	1,70	0,70	1,60	0,50	10,50	40310-844-021-42
24.	Свети Николе	5,00	0,20	0,35	—	0,50	6,05	41420-844-027-42
25.	Струга	3,60	0,30	0,50	0,25	0,50	5,15	41020-844-025-42
26.	Струмица	5,10	0,33	0,50	0,15	0,80	6,88	41300-844-026-42
27.	Тетово	4,20	0,10	0,10	0,50	0,50	5,40	41500-844-029-42
28.	Титов Велес	5,60	0,30	0,25	0,30	0,73	7,18	41600-844-030-42
29.	Штип	2,30	2,30	0,50	0,90	0,50	6,50	41400-844-028-42
30.	Скопје[1])	4,80	0,90	0,10	0,30	0,60	6,70	40100-844-033-42

[1]) Стапките од Скопје се применуваат на сите пет општини (Центар, Чаир, Гази Баба, Карпош и Кисела Вода).

ПРЕГЛЕД БР. 5

Поединечни и збирни стапки и преодни сметки за уплата на придонесите од доходот

Ред. број	Општина	Култура	Физичка култура	Социјална заштита	Здравств. осигурув. за повреда на раб. и проф. заболување	Збирна стапка	Број на преодната сметка кај СОК
1	2	3	4	5	6	7	8
1.	Берово	0,30	0,10	0,30	0,50	1,20	40410-844-001-58
2.	Битола	0,39	0,23	0,31	0,16	1,09	40300-844-002-58
3.	Брод Македонски	0,10	0,10	0,25	0,50	0,95	40321-844-003-58
4.	Валаново	0,14	0,34	0,40	0,30	1,18	41300-844-031-58
5.	Виница Македонска	0,60	0,40	0,60	0,50	2,10	40401-844-032-58
6.	Гевгелија	0,40	0,15	0,18	0,40	1,13	41610-844-007-58
7.	Гостивар	0,275	0,15	0,30	0,40	1,125	41510-844-008-58
8.	Дебар	0,60	0,45	0,30	0,30	1,65	41030-844-004-58
9.	Делчево	0,30	0,30	0,25	0,50	1,35	40420-844-005-58
10.	Демир Хисар	0,40	0,30	0,40	0,16	1,26	40301-844-006-58
11.	Кавадарци	0,40	0,25	0,60	0,70	1,95	41620-844-009-58
12.	Кичево	0,40	0,50	0,25	0,40	1,55	40320-844-010-58
13.	Кочани	0,20	0,30	0,21	0,40	1,11	40400-844-011-58
14.	Кратово	0,90	0,05	0,60	0,50	2,05	40901-844-012-58
15.	Крива Паланка	0,36	0,036	0,21	0,50	1,106	40910-844-013-58
16.	Крушево	0,38	0,50	0,24	0,50	1,62	41110-844-014-58
17.	Куманово	0,40	0,15	0,25	0,50	1,30	40900-844-015-58
18.	Неготино	0,20	0,20	0,50	0,40	1,30	41630-844-016-58
19.	Охрид	0,20	0,55	0,15	0,40	1,30	41000-844-017-58
20.	Прилеп	0,13	0,13	0,14	0,50	0,90	41100-844-018-58
21.	Пробиштип	0,75	0,10	0,20	0,50	1,55	41401-844-019-58
22.	Радовиш	0,34	0,30	0,45	0,50	1,59	41310-844-020-58
23.	Ресен	0,45	0,10	0,25	0,20	1,00	40310-844-021-58
24.	Свети Николе	0,45	0,15	0,30	0,40	1,30	41420-844-027-58
25.	Струга	0,30	0,50	0,20	0,40	1,40	41020-844-025-58
26.	Струмица	0,27	0,50	0,15	0,40	1,32	41300-844-026-58
27.	Тетово	0,10	0,10	0,30	0,50	1,00	41500-844-029-58
28.	Титов Велес	0,35	0,45	0,35	0,40	1,55	41600-844-030-58
29.	Штип	0,25	0,30	0,10	0,50	1,15	41400-844-028-58
30.	Скопје[1])	0,80	0,10	0,20	0,40	1,50	40100-844-033-58

[1]) Стапките од Скопје се применуваат на сите пет општини (Центар, Чаир, Гази Баба, Карпош и Кисела Вода).

187.

Врз основа на член 240 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и на член 14 од Одлуката за личните доходи и другите примања на делегатите и на функционерите што ги избира и именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/78), Административната комисија на Собранието на СРМ на седницата одржана на 11 април 1979 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ НА ДЕЛЕГАТИТЕ И ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА И ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службено патување во земјата, на делегатите и функционерите што ги избира и именува Собранието на СР Македонија изнесува 500 динари.

2. На делегатот односно функционерот кој е на службено патување можат да му се признаат трошоците за ноќевање до 250 динари, ако за тоа поднесе сметка. Во случај на надоместување на трошоците за ноќевање, дневницата се намалува за 30%.

3. На делегат односно функционер кој за време на службеното патување не ноќева надвор од местото на живеење, од дневницата му се одбива 30%.

4. Со влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката на Административната комисија број 12-648 од 10 март 1978 година.

5. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 15 април 1979 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 17-988
11 април 1979 година
Скопје

Претседател
на Административната комисија,
Ангеле Божиновски, с. р.

188.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на ставот 5 на член 55 од Статутот на Работната организација за метално-електрични занаетчиско-преработувачки услуги „18 Ноември" во Гостивар, донесен на референдумот одржан на 9 март 1978 година, на основа членовите 16 и 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија, и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на 21 декември 1978 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА ставот 5 на член 55 од Статутот на Работната организација за метално-електрични занаетчиско-преработувачки услуги „18 Ноември" во Гостивар, донесен на референдумот одржан на 9 март 1978 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Работната организација за метално-електрични занаетчиско-преработувачки услуги „18 Ноември" во Гостивар на начинот определен за објавување на самоуправни општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 91/78, донесено на седницата од 20 септември 1978 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на ставот 5 на член 55 од статутот означен во точката 1 од оваа одлука во кој е предвидено како посебен услов за засновање работен однос директорот на работната организација да е член на Сојузот на комунистите затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на СР Македонија, односно за неговата спротивност со Законот за здружениот труд.

4. Разгледувајќи го оспорениот статут Судов утврди дека во неговиот член 53 е определено директорот на работната организација да има висока или виша стручна подготовка со 5 години работно искуство во струката. Покрај овие посебни услови во ставот 5 на член 55 од статутот е определено директорот да е и член на Сојузот на комунистите на Југославија.

Согласно одредбите на ставот 3 на член 210 од Уставот на СР Македонија на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството. Разработувајќи го натаму ова уставно начело Законот за здружениот труд во членовите 167 и 168 предвидува дека секој може слободно, рамноправно и под еднакви услови на начинот предвиден во самоуправниот општ акт да заснова работен однос со работниците во основната организација доколку ги исполнува условите кои работниците во основната организација ги утврдиле според потребите на процесот на трудот, условите на трудот и работите и работните задачи во таа организација. Според тоа, самоуправно право е на работниците во основната организација во рамките на законот, да ги утврдуваат посебните услови за вршење на работите и работните задачи во таа организација. Во тие рамки, според мислењето на Судов, допуштено е како посебен услов да се предвидат и личните својства на работникот (карактерни и морални особини, идејно-политичката определеност и слично) доколку природата и значењето на работите и работните задачи односно функциите што ќе ги врши работникот тоа го бараат како неопходен услов за нивното остварување. Услови од ваква природа за одредени функции предвидуваат непосредно и Уставот на СР Македонија како и одделни закони (став 2 на член 281 од Уставот на СР Македонија, членот 511 од Законот за здружениот труд и некои други закони).

Припадноста на Сојузот на комунистите, меѓутоа, според мислењето на Судов не може да се поистоветува со поседување на морално-политички квалитети. Навистина, со оглед на улогата на Сојузот на комунистите како организирана водечка идејна и политичка сила на работничката класа и на сите работни луѓе во изградувањето на социјализмот и во остварувањето на солидарноста на работните луѓе и на братството и единството на народите и народностите, оправдано е да се смета дека членовите на Сојузот на комунистите поседуваат морално-политички квалитети. Тоа, меѓутоа не може да значи дека граѓаните и работните луѓе кои не се членови на Сојузот на комунистите немаат морално-политички квалитети, па според тоа и не можат да конкурираат за вршење на работи и работни задачи односно функции за кои се бараат вакви лични својства. Морално политичката подобност, според мислењето на Судов, е комплексен услов кој содржи повеќе елементи и не се исцрпува со членувањето во Сојузот на комунистите. Морално-политичките својства можат да се оценуваат низ конкретното дејствување и акција на секој граѓанин и работен човек во борбата за изградбата, усовршувањето и остварувањето на самоуправниот социјалистички систем и независната политика на нашата земја, а не исклучиво со припадноста на Сојузот на комунистите.

Предвидувањето на членувањето во Сојузот на комунистите како еден од условите за засновање работен однос е спротивно на начелото на рамноправноста на граѓаните утврдено во алинејата 9 на став 3 на дел II од Основните начела на Уставот, бидејќи тој при утврдувањето на правата и слободите на граѓаните не поаѓа од нивната припадност на одредена општествено-политичка организација, впрочем и во Статутот на Сојузот на комунистите изречно е определено дека членувањето во Сојузот не повлекува никакви привилегии, ниту овозможува посебна општествена положба и третман.

Со оглед на изложеново Судов одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 91/78
21 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче,** с. р.

189.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Систематизацијата на работните места, условите за работни места, бројот на извршителите и пресметковните основи на работните места во Основната организација на здружениот труд „Кланица и ладилник" во состав на ЗИК „Скопско Поле" во Скопје, донесена на референдумот одржан на 28 декември 1977 година, согласно членот 433 од Уставот на СР Македонија и алинејата 2 на член 15 и членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 12 февруари 1979 година донесе

ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ точките 3, 73, 82, 85, 90, 99, 106, 108, 115, 121, 123, 130, 142, 147, 159, 168, 169, 172, 173, 174, 177, 179, 181, 186, 187, 188, 192 и 193 од Систематизацијата на работните места, условите на работните места, бројот на извршителите и пресметковните основи на работните места во Основната организација на здружениот труд „Кланица и ладилник" во состав на ЗИК „Скопско Поле" во Скопје, донесена на референдумот одржан на 28 декември 1977 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Основната организација на здружениот труд „Кланица и ладилник" во состав на ЗИК „Скопско Поле" во Скопје, на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка, со решение У. бр. 97/78 од 9 ноември 1978 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од актот означен во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со членот 22 од Уставот на СР Македонија, односно неговата спротивност со ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд.

4. Во претходното испитување Судов утврди дека во оспорената систематизација на работите и работните задачи под редните броеви: 3, 73, 82, 85, 90, 99, 106, 108, 115, 121, 123, 130, 142, 147, 159, 168, 169, 172, 173, 174, 177, 179. 181, 186, 187, 188, 192 и 193 стручната подготовка е алтернативно предвидена така што за различен степен на стручна подготовка за исти работи и работни задачи е определен различен број бодови. Вреднувањето е вршено по секој од основите и мерилата предвидени во правилникот за распределба на средствата за лични доходи, но до разликите во вреднувањето доаѓа исклучиво поради различниот степен на стручна подготовка. Така, кај подносителот на претставката кој работи како контролор по продавници и санитарно-ветеринарски прописи, е предвидена средна стручна подготовка со три години работно искуство (323 бода) или ниска стручна подготовка со пет години работно искуство (278 бода).

Според членот 22 од Уставот на СР Македонија и ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд на секој работник во согласност со порастот на продуктивноста на неговиот и вкупниот општествен труд и со начелото на солидарноста на работниците во здружениот труд му припаѓа од доходот на основната организација на здружениот труд, личен доход за задоволување на неговите лични, заеднички и општи општествени потреби, според резултатите од неговиот труд и неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот во основната организација.

Според мислењето на судов стручната подготовка има значење во системот на распределбата на средствата за личните доходи така што за работите и работните задачи за кои е предвиден повисок степен на стручна подготовка, оправдано е од гледиштето на начелото за наградување според трудот, по тој основ да се предвидува поголем број бодови во однос на работите и работните задачи за кои е предвиден понизок степен на стручна подготовка. Меѓутоа, во случај кога за вршење на одредени работи и работни задачи се предвидени повеќе степени на стручна подготовка вреднувањето на стручната подготовка може да се врши не според подготовката што ја има конкретниот работник, туку според сложеноста на работите и работните задачи кои се вршат. Имено, ако за вршењето на одредени работи и работни задачи алтернативно се утврдени повеќе степени на стручна подготовка, според мислењето на Судов, тоа значи дека сложеноста на тие работи и работни задачи е таква да може со успех да ги врши секој од работниците што има еден од утврдените степени на стручна подготовка.

Поради тоа при вреднувањето на работите и работните задачи, со оглед на еднаквата сложеност, мора да поаѓа од единствени мерила по овој основ т. е. по основот стручна подготовка, бидејќи стручната подготовка е еден од основните елементи за одредување степените на сложеноста на работите и работните задачи. На овој начин, според мислењето на Судов, не се обезвреднува значењето и влијанието на стручната подготовка во системот на основите и мерилата за распределба на личните доходи според вложениот труд затоа што, доколку работникот со повисок степен на стручна подготовка, при утврдувањето на конкретните резултати постигнати во работата, покаже дека работите и работните задачи ги извршил со поголем успех по квалитет и квантитет, тогаш тоа секако ќе се одрази и на неговиот конечен личен доход.

Со оглед на тоа што со оспорените одредби од систематизацијата кај алтернативно предвидената стручна подготовка за вршење на исти работи и работни задачи во повеќе случаи по основот стручна подготовка е утврден различен износ на бодови односно предвидени се различни мерила во зависност од тоа каква стручна подготовка имаат работниците, Судов утврди дека оспорената систематизација во означените делови во точката 1 од оваа одлука не е во согласност со начелото за наградување според резултатите од трудот изразено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и дека е во спротивност со ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд.

На основа на изнесеново Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 97/78
12 февруари 1979 година
Скопје

Го заменува
претседателот
на Уставниот суд на Македонија,
Судија
Боро Доганџиски, с. р.

190.

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на одлуката бр. 7741, донесена од Централниот работнички совет на Работната организација „Југомонтажа — Благој Давков“ во Скопје на седницата од 5 октомври 1978 година, на основа членовите 16 и 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на 8 февруари 1979 година, донесе

ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВА одлуката бр. 7741, донесена од Централниот работнички совет на Работната организација „Југомонтажа — Благој Давков“ во Скопје, на седницата од 5 октомври 1978 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Работната организација „Југомонтажа — Благој Давков“ во Скопје на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Собирот на работните луѓе на Основната организација на здружениот труд „Макотинг“ во состав на Работната организација „Југомонтажа — Благој Давков“ во Скопје, на Уставниот суд на Македонија му поднесе предлог за оценување уставноста и законитоста на одлуката бр. 7741, донесена од Централниот работнички совет на работната организација на седницата од 5 октомври 1978 година. Според наводите во предлогот оспорената одлука била противуставна и незаконита затоа што со неа биле запрени од извршување решенијата за исплата на личните доходи на работниците во нивната основна организација донесени врз основа на правилникот за распределба на средствата за лични доходи на основната организација. Подносителите на предлогот сметаат дека оспорената одлука била противуставна и незаконита, бидејќи со неа се повредувале основните самоуправни права на работниците во основната организација самостојно да одлучуваат за распределбата на средствата за лични доходи.

4. Работната организација „Југомонтажа — Благој Давков“ во Скопје во одговор на предлогот не оспорува дека централниот работнички совет ја донел оспорената одлука, но наведува дека таа била донесена затоа што решенијата за исплата на личните доходи кои биле запрени од извршување не биле во согласност со усвоените пресметковни стартни основи за лични доходи и работни задачи во другите основни организации на здружениот труд

во состав на работната организација. Всушност, тие решенија односно утврдените аконтации на личните доходи во нив не биле во согласност со ставот 1 на член 45 од Самоуправната спогодба за заеднички основи и мерила за стекнување и распоредување на чистиот доход и средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка во работната организација според кој личниот доход на вработените за исти и соодветни работи и работни задачи во целата работна организација треба да биде еднаков, а разликите да произлегуваат од резултатите на трудот. Ова начело било прифатено во правилниците од сите основни организации, а предлагачот го предвидел во членот 24 од својот правилник. Донесителот на оспорената одлука исто така наведува дека ако не ја донел оспорената одлука ќе бил нарушен целиот систем на усвоените пресметковни основи на ниво на работна организација со што би се создало и незадоволство кај другите вработени во другите основни организации, односно би дошло до померување на личните доходи и во другите основни организации.

5. Во претходната постапка и на јавната расправа Судов утврди дека работниците на ООЗТ „Макотинг“ на собирот на работните луѓе од 29 август 1978 година донеле одлука за распоредување на работниците на работни места и за определување на личниот доход заедно со табеларен преглед кој е нејзин составен дел. Оваа одлука значи конкретизација на основите и мерилата утврдени во правилникот и во Аналитичката процена на работите и работните задачи во основната организација. На основа на оваа одлука на сите работници во основната организација им биле издадени поединечни решенија во кои е утврдена аконтацијата на личниот доход на секој работник. Со оспорената одлука Централниот работнички совет на работната организација ги сопрел од извршување наведените решенија и наложил исплатата на личните доходи во основната организација „Макотинг“ да се врши според решенијата што важеле пред донесувањето на новите решенија т. е. по одредбите од правилникот кој престанал да важи со усвојувањето на новиот правилник.

Согласно ставот 1 на член 23 од Уставот на СР Македонија и ставот 1 на член 127 од Законот за здружениот труд работниците во основната организација на здружениот труд ги утврдуваат основите и мерилата за распоредување на доходот и за распределба на средствата за лични доходи. На основа ставот 1 на член 128 од Законот за здружениот труд самоуправниот општ акт со кој се утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи се донесува во согласност со самоуправната спогодба за заеднички основи и мерила што работниците во основната организација ја склучиле со работниците во составот на истата работна организација, а не може да биде во спротивност со самоуправна спогодба за заеднички основи и мерила што работниците во основната организација ја склучиле со работниците во други основни организации надвор од составот на работната организација. Според ставот 4 од истиот член во случајот од ставот 1 се применуваат одредбите од ставот 4 и 5 на член 115 од Законот за здружениот труд. Во ставот 4 на член 115 е определено дека, ако самоуправниот општ акт со кој се утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи не е во согласност со самоуправната спогодба за заеднички основи и мерила што работниците во основната организација ја склучиле со работници во други основни организации во составот на иста работна организација, тогаш надлежниот орган на општествено-политичката заедница може да ги определи мерките што се преземаат во случај на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост под условите и начинот утврдени во законот. Освен тоа, согласно точката 26 на ставот 2 на член 18 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 41/75), за оценување согласноста на самоуправен општ акт со друг самоуправен општ акт со кој мора да биде во согласност надлежни се основните судови на здружениот труд.

Од наведените уставни и законски одредби произлегува дека работниците во основната организација на здружениот труд одлучуваат за утврдувањето на основите и мерилата за распоредување на доходот и за распределба на средствата за лични доходи што е нивно неотуѓиво право и никој друг, ни по нивно овластување, не може да одлучува за распоредувањето на доходот и за распределба на средствата за лични доходи. Судов смета дека со еден дел од оспорената одлука, со тоа што се определува дека исплатата на личните доходи на вработените во основната организација ќе се врши по решенијата за личен доход донесени на основа на правилник кој престанал да важи, а не по решенијата донесени врз основа на новоусвоениот правилник во основната организација (кои се запрени од извршување), всушност не се врши само запирање од извршување на поединечните решенија, туку и се стават вон сила одредбите на важечкиот правилник кој е донесен во постапка предвидена со закон и му се продолжува важноста на правилникот кој престанал да важи. Централниот работнички совет нема такви овластувања и затоа со оспорената одлука се кршат основните самоуправни права на работниците да одлучуваат за распределбата на средствата за лични доходи што не е во согласност со Уставот на СР Македонија и е во спротивност со одредбите од Законот за здружениот труд.

Навистина, согласно ставот 1 на член 128 од Законот за здружениот труд самоуправниот општ акт со кој се утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи се донесува во согласност со самоуправната спогодба за заеднички основи и мерила што работниците во основната организација ја склучиле со работниците во состав на истата работна организација. Сепак, иако е добро тоа што работничкиот совет на работната организација се грижел за почитување на спогодбата, тоа не значи дека тој својата грижа треба да ја остварува на начин кој не е во согласност со самоуправните права на работниците во основната организација да одлучуваат за распределбата на средствата за лични доходи. Доколку работнички совет на работна организација сметал дека правилникот за распределба на средствата за лични доходи не е во согласност со самоуправната спогодба за заеднички основи и мерила можел да се обрати до надлежниот орган на општественополитичката заедница и од него да бара да ги определи мерките што се преземаат во случај на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост, под условите и на начин утврдени со закон, во смислата на ставот 4 на член 115 од Законот за здружениот труд. Така можел да постапи и индивидуалниот работоводен орган односно претседателот на колегијалниот работоводен орган на работната организација во смислата на членот 535 од Законот за здружениот труд. Покрај тоа, согласно точката 26 на ставот 2 на член 18 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ бр. 41/75) за оценувањето согласноста на самоуправен општ акт со друг самоуправен општ акт со кој мора да биде во согласност, надлежни се основните судови на здружениот труд, па работничкиот совет односно индивидуалниот работоводен орган можеле да покренат постапка пред надлежниот суд на здружениот труд и да бараат да се изврши усогласување на правилникот со самоуправната спогодба за заедничките основи и мерила склучена на ниво на работната организација.

Со оглед на изложеново Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 128/78
8 февруари 1979 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд
на Македонија
д-р Асен Групче, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СКОПЈЕ

155.

Врз основа на член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 43/78) и член 13 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање Самоуправна интересна заедница за социјална заштита на град Скопје, Собранието на Заедницата на заедничката седница, одржана на 15. II. 1979 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАД СКОПЈЕ

Член 1

Досегашната висина на стапките на придонесите за социјална заштита на град Скопје, од доходот од стопанството по стапка од 0,30% СЕ МЕНУВА И ЌЕ ИЗНЕСУВА:

— придонес од доход од стопанството по стапка од 20%.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на град Скопје“, а ќе се применува од 1. I. 1979 година.

Бр. 5
15 февруари 1979 година
Скопје

Претседател,
инж. Благородна Горичанова, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

156.

Врз основа на член 131 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 39/78) и член 146 и 203 став 1 точка 1 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73 и 28/74), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1979 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката состојба („Службен весник на СРМ“ бр. 31/75) во член 2 во одделот XVII во ХЕМИСКО-ФАРМАЦЕУТСКА ИНДУСТРИЈА под реден број 5 се додаваат нови работни места, кои гласат:

„5) На работните места за производство на натриев бихромат:

а) апаратер I и II
б) филтрувач I и II
в) перач на платно, и
г) сушар

секои 12 месеци поминати на работа на работните места под а, б, в и г се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Број 01-599/1
28 февруари 1979 година
Скопје

Претседател,
Лилјана Манева, с. р.

157.

Врз основа на член 131 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 39/78) и член 146 став 1 точка 1 од Статутот на Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/73, 28/74 и 45/76), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 28 февруари 1979 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА КОИ СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ, СТЕПЕНОТ НА ЗГОЛЕМУВАЊЕТО НА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕТО НА ТИЕ РАБОТНИ МЕСТА И ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИЧКАТА СОСТОЈБА

I

Во Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење, степенот на зголемувањето на стажот на осигурувањето на тие работни места и постапката за утврдување на фактичката состојба („Службен весник на СРМ“ бр. 31/75) во член 2 во одделот XXIX во комуналната дејност под реден бр. 2 се додава ново работно место, кое гласи:

— работно место — работник на црпење на фекалии.

Секои 12 месеци поминати на работа се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СР Македонија“.

Број 01-600/1
28 февруари 1979 година
Скопје

Претседател,
Лилјана Манева, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — СВЕТИ НИКОЛЕ

158.

Врз основа на член 14 став 1 точка 5 од Законот за самоуправните интересни заедници за култура („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74), а во врска со член 17 од Статутот на СИЗ на културата — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 22. 12. 1978 година донесе, а Соборот на здружен труд при Собранието на општина Свети Николе, на седницата одржана на 6. 2. 1979 година, потврди

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА КУЛТУРАТА — СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од личен доход од работен однос и од ос-

тварен доход од стопанските организации за финансирање на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Свети Николе според кои ќе се формираат средствата за 1979 година.

Член 2

Стапките на придонесот за финансирање на дејноста на СИЗ на културата — Свети Николе за 1979 година изнесуваат:

— од остварен доход од стопанските организации, по стапка од 0,45%;

— од личен доход од работен однос во нестопанството, по стапка од 0,20%.

Член 3

Пресметувањето и наплатувањето по оваа одлука ќе се врши според прописите за даноците на граѓаните.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. 1. 1979 година.

Број 31
21 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Веселин Додевски, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — СВЕТИ НИКОЛЕ

159.

Врз основа на член 27 од Законот за физичка култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура, а во согласност со член 20 од Статутот на СИЗ на физичката култура — Св. Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 21. XII. 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ НА ЗАЕДНИЦАТА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од личен доход на работниците за финансирање дејноста на Општинската СИЗ на физичката култура — Свети Николе, според кои ќе се формираат средствата за 1979 година.

Член 2

Стапките на придонесот за финансирање на дејноста на Општинската СИЗ на физичката култура — Св. Николе за 1979 година изнесуваат:

— од остварен доход од стопанството — 0,15%;

— од личен доход од работен однос — 0,35%.

Член 3

Пресметувањето и наплатувањето по оваа одлука ќе се врши според прописите за даноците на граѓаните.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. 1. 1979 година.

Бр. 31
21 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Стојан Гошев, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА — СВЕТИ НИКОЛЕ

160.

Врз основа на член 13 став 1 и 2 од Законот за самоуправните интересни заедници за воспитание и образование („Службен весник на СРМ", бр. 9/78) и член 25 став 4 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за образование и наука на општина Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 27. XII. 1978 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ДЕЈНОСТА НА ОПШТИНСКАТА СИЗ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ВО 1979 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од личен доход на работниците за финансирање дејноста на Општинската СИЗ за образование и наука на општина Свети Николе, според која ќе се формираат средствата за 1979 година.

Член 2

Стапките на придонесите од личен доход на работниците за финансирање дејноста на Општинската СИЗ за образование и наука на општина Свети Николе за 1979 година изнесуваат:

— од личен доход од работен однос — 5,00%;

— од личен доход од земјоделска дејност — 1,70%;

— од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност — 6,00%.

Член 3

Во однос на обврзниците, основиците, пресметувањето и уплатувањето на придонесите ќе се применуваат одредбите од член 14 и 15 од Законот за СИЗ за воспитание и образование („Службен весник на СРМ", бр. 9/78).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1. 1. 1979 година.

Бр. 94
27 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Гонева Ѓурѓа, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — СВЕТИ НИКОЛЕ

161.

Врз основа на член 11, точка 3 од Законот за самоуправните интересни заедници за социјална заштита („Службен весник на СРМ", бр. 5/74) и член 59 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за социјална заштита — Св. Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 19. 12. 1978 година донесе, а Соборот на здружен труд при Општинското собрание — Свети Николе, на седницата одржана на 6. 2. 1979 година, потврди

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ИЗВОРИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Се утврдува придонес од доходот на стопанството по стапка од 0,30%.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1. 1. 1979 година.

Бр. 73
26 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Митре Ѓошев, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СВЕТИ НИКОЛЕ

162.

Врз основа на член 59 од Статутот на СИЗ за општествена заштита на децата — Свети Николе, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 25. 12. 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ИЗВОРИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Средствата од кои се финансира Самоуправната интересна заедница за општествена заштита на децата ги обезбедуваат работните луѓе:

— придонес од бруто личниот доход на работниците, по стапка од 0,50%;

— придонес од земјоделска дејност, по стапка од 0,60%;

— придонес од занаетчиска дејност и самостојно вршење на услуги, по стапка од 2%.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од 1. 1. 1979 година.

Бр. 167
26 декември 1978 година
Свети Николе

Претседател,
Светлана Мицкова, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО — ШТИП

163.

Врз основа на член 58 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на СРМ“, бр. 13/78), Собранието на Заедницата на вработувањето — Штип, на седницата одржана на ден 26. 12. 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕТО ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработувањето се пресметува и се плаќа од личниот доход на работниците во кои се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход) по стапка од 0,75%.

Член 2

Одлуката ќе се применува во 1979 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Број 0201-40/5
26 декември 1978 година
Штип

Претседател,
Кукутанов Коста, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — ТЕТОВО

164.

Врз основа на член 22 од Статутот на Општинската заедница на образованието — Тетово, Собранието на Општинската заедница на својата VI-та редовна седница, одржана на ден 28. 12. 1978 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ

I

Стапката на придонесот од личниот доход од земјоделска дејност се утврдува на 1% за основно образование.

Стапката на придонесот од стопанска и професионална дејност се утврдува на 6%.

II

Утврдувањето на стапката на придонесот од личниот доход од земјоделска дејност, стопанска и професионална дејност ќе се применува од 1. I. 1979 година.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 0201-829/1
28 декември 1978 година
Тетово

Претседател,
Целадин Палоши, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РЕСЕН

165.

Врз основа на член 83 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 9/78) и член 40 став 1 алинеја 10 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита Ресен, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита Ресен, на својата седница одржана на 27. II. 1979 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РЕСЕН

Член 1

Во Одлуката за утврдување на стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита Ресен бр. 01-139/1 од 25. XII. 1978 година („Службен весник на СРМ“ бр. 3/79), во членот 2 се додава нов став 2 кој гласи:

„Од плаќање на придонес од доходот утврден во ставот 1 алинеја 1 од овој член целосно се ослободуваат ЗИК „Преспанско Јаболко“ ООЗТ земјоделие Ресен, Фабриката за грејни тела и автоделови „Алгрета“ Ресен и Градежното производствено претпријатие „Слога“ Ресен.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1979 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 01-38/1
27 февруари 1979 година
Ресен

Претседател,
Миле Коневски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА — РАДОВИШ

166.

Врз основа на член 34 и 47 од Законот на самоуправната интересна заедница за физичка култура („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 69, 71 и 72 од Статутот на СИЗ за физичка култура на општина Радовиш, Собранието на СИЗ на физичката култура на својата седница, одржана на ден 13. 2. 1979 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕС ОД ДОХОДОТ НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И УСТАНОВИТЕ ШТО ОСТВАРУВААТ ДОХОД СПОРЕД НОМЕНКЛАТУРАТА НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД 1 ДО 8 НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА РАДОВИШ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува стапката на придонесот од доходот на работните организации на здружен труд и установите кои остваруваат доход според номенклатурата од 1 до 8, се пресметува придонес од доходот за Самоуправната интересна заедница за физичка култура на општината Радовиш.

Член 2

Основица за пресметување и плаќање на придонесите од претходниот член е остварениот доход, намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход.

Член 3

Стапката на придонесот од доходот на ОЗТ во стопанството што остваруваат доход, за интересната заедница на физичка култура е утврден и изнесува 0,3%.

Член 4

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 4 од 20. 01. 1976 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува од 1. јануари 1979 година.

Бр. 15
13 февруари 1979 година
Радовиш

Претседател
Мирко Димитров, с. р.

167.

Врз основа на член 34 и член 47 од Законот на самоуправната интересна заедница за физичка култура („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 69, 71 и 72 од Статутот на СИЗ за физичка култура на својата седница, одржана на 13 февруари 1979 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС НА ГРАЃАНИТЕ ЗА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од личен доход од работен однос вонстопанството, од личен доход од земјоделска дејност, доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, според кои ќе се обезбедуваат средства на Самоуправната интересна заедница за физичка култура на општината Радовиш.

Член 2

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на Самоуправната интересна заедница за физичка култура изнесуваат:

— Придонес од личен доход од работен однос во нестопанство по стапка од 0,2% од бруто износ.

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 4 од 20. 01. 1976 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година.

Бр. 15
13 февруари 1979 година
Радовиш

Претседател
Мирко Димитров, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СТРУМИЦА

168.

Врз основа на член 14 став 1 алинеја XI од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Струмица, а по предлог на Извршниот одбор на Заедницата, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Струмица, на својата седница одржана на 15 февруари 1979 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — СТРУМИЦА, ЗА 1979 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од личен доход од работен однос, од личен доход на земјоделска дејност, од личен доход на самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност, според кои ќе се обезбедуваат средства на Заедницата за општествена заштита на децата.

Член 2

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на Заедницата за општествена заштита на децата — Струмица, изнесуваат:

— Придонес на личен доход од работен однос по стапка од 0,80%;

— Придонес на личен доход од земјоделска дејност по стапка од 0,60%;

— Придонес на личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност по стапка од 0,80%;

— Придонес на личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност по стапка од 0,80%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-41/1
15 февруари 1979 година
Струмица

Претседател,
дипл. прав. **Нада Бајрактарова**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА — КАВАДАРЦИ

169.

Врз основа на член 21 точка 5 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Кавадарци, Собранието на СИЗ на физичката култура, на седницата одржана на 28. 3. 1979 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО 1979 ГОДИНА

Член 1

Сите организации на здружен труд, кои според номенклатурата на дејностите се распоредени во групите 1 до 8, ќе плаќаат придонес од доход по стапка од 0,25%.

Основица за пресметување на придонесот ќе биде остварениот доход намален за законските и договорните обврски.

Член 2

Сите организации на здружен труд, кои според номенклатурата на дејностите се распоредени во групите 0 и 9, ќе плаќаат придонес на личен доход по стапка од 0,20% на бруто личен доход.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и објавувањето во „Службен весник на СРМ“ и „Службен гласник на општината Кавадарци“, а ќе важи од 1. 01. 1979 година.

Бр. 02-131
28 март 1979 година
Кавадарци

Претседател,
Лазар Лалков, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — БИТОЛА

170.

Врз основа на член 9 и 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“, бр. 5/74 и 9/78) и член 26 ст. 1 т. 8 и член 27 ст. 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, а во врска со член 1 од Законот за изменување на Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Сл. весник на СРМ“, бр. 43/78), Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, со рамноправно учество на Собирот на делегатите корисници на услугите — работници и Собирот на делегатите — даватели на услугите, на седницата одржана на 28 февруари 1979 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО

Член 1

Во Одлуката за стапките и тарифата на придонесите за здравствено осигурување и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1978 година, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 7/78, а чија важност за 1979 година е продолжена со Одлуката на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, бр. 02-47/53 од 28-12-1978, во членот 1 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Тарифата на придонесот за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест се одредува во височина од 0,16%.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став кај обврзниците кои формираат доход, претставува остварениот доход. Основица кај обврзниците кои не формираат доход претставуваат бруто личните доходи и другите примања“.

„Придонес за несреќа на работа и заболување од професионални болести по 0,16% од бруто основицата пресметуваат и плаќаат и обврзниците на придонес кои не формираат доход за вработените по договор за дело“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1979 година. Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-1/10
28 февруари 1979 година
Битола

Собор на делегати корисници на услуги — работници
Претседател,
Атанас Арсевски, с. р.
Собор на делегати — даватели на услуги
Претседател,
д-р Димитар Вангелов, с. р.
Собрание на ОЗЗЗО — Битола
Претседател,
Благој Силјановски, с. р.

171.

Врз основа на член 26 став 1 точка 8 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола и основни заедници во Битола, Демир Хисар и Ресен, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Битола, со рамноправно учество на Соборот на делегатите на корисници на услуги — земјоделци и Соборот на делегатите даватели на услуги, по претходно добиено мислење од основните заедници и извршеното усогласување со соборите на здружен труд на општинските собранија, на седницата одржана на 28 февруари 1979 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Член 1

Се продолжува важноста на Одлуката за придонесите на здравственото осигурување на земјоделците за 1978 година, бр. 02-47/16 од 28-02-1978 година, објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 36/78 година, и за 1979 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. 1. 1979 година.

Бр. 02-1/9
28 февруари 1979 година
Битола

Собор на делегати на корисници на услуги — земјоделци
Претседател,
Томе Аршиновски, с. р.
Собор на делегати — даватели на услуги
Претседател,
д-р Димитар Вангелов, с. р.
Собрание на ОЗЗЗО — Битола
Претседател,
Благој Силјановски, с. р.

Oiласен дел

ТАРИФА
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАСИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ“

1. — СУДСКИ ОГЛАСИ: бракоразводни парници, оставински расправи, повикување на наследници со непознато место на живеење и сл. 65,00 динари;

2. — Конкурси и јавни наддавања — 12 динари за еден квадратен сантиметар во весникот;

3. — Запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд — 12 динари за еден квадратен сантиметар во весникот;

4. — Ликвидации и санации на работните организации — 12 динари за еден квадратен сантиметар во весникот;

5. — Огласување за неважни: печати и штембили, чековни книшки, барирани чекови, полиси, гарантни и кредитни писма — 5,00 динари од збор;

6. — МАЛИ ОГЛАСИ: објавување за неважни: здравствени легитимации, работни книшки, ученички книшки, свидетелства, воени документи, ловечки исправи, оружен лист и други лични документи — 20,00 динари;

7. — Објавување акти на самоуправните интересни заедници и на работните организации — 65,00 динари од еден сантиметар во весникот (3250 динари од една страница во Службениот весник);

8. — Регистрации на занаетчиски дуќани и работилници и престанок со работа на занаетчиски дуќани — 80,00 динари.

За да се објави оглас од точка 1, 6 и 8 во „Службен весник на СРМ“ парите треба да се испраќаат однапред на жиро сметка 40100-603-12498 кај Службата на општественото книговодство — Скопје, а за другите видови огласи плаќањето ќе се врши по доставување на сметка во рок од 15 дена.

Оваа тарифа ќе се применува од денот на објавувањето.

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

